# ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО Скопје Извештај за транспарентност

за годината што завршува на
31 декември 2025 година

# Содржина


04 Порака од раководството

10 Нашиот пристап кон квалитетот

15 Култура и вредности

25 Нашите вработени

29 Нашиот пристап

34 Мониторинг

38 PwC Мрежа

40 Правна и управувачка структура

43 Надоместок на партнерите

44 Финансиски информации

45 Список на ревидирани друштва

47 Мрежни фирми на PwC

1 Порака од раководството
2 Нашиот пристап кон квалитетот
3 Култура и вредности
4 Нашите вработени
5 Нашиот пристап
6 Мониторинг
7 PwC Мрежа
8 Правна и управувачка структура

# Агенда

1

# Порака од раководството

# Порака од раководството

## Добредојдовте во нашиот извештај за транспарентност за 2025 година

Во PwC, нашата цел е да изградиме доверба во општеството и да решаваме важни проблеми. Ние сме мрежа на фирми во 136 земји со повеќе од 364.000 луѓе кои се посветени на обезбедување квалитет во ревизорските, советодавните, даночните и правните услуги. Посветени сме да воспоставиме силна култура на квалитет и извонредност, што е суштината на нашето постоење.

Пристапот на PwC кон градење доверба е дизајниран да ги исполни растечките очекувања за транспарентност, одговорност и ангажираност на засегнатите страни. Тоа значи комбинирање на експертиза во ревизија, даноци и активности за усогласување и стремеж кон проширување на специјалистичките капацитети во области како што се сајбер безбедност, приватност на податоци, ESG и вештачка интелигенција (ВИ). Исто така, ја препознаваме важноста на квалитетот и дека известувањето и усогласеноста претставуваат само една врска во синџирот што вклучува организациска култура, професионален начин на размислување, усогласени стандарди, сертифицирани професионалци, строги контроли, прилагодени технологии и соодветно управување. Се ова е дел од нашата посветеност на јавниот интерес, со цел постојано извршување на квалитетни ангажмани и транспарентност во врска со нашиот систем на управување со квалитет.

Слично на градењето на доверба, обезбедувањето на одржливи резултати бара од нас да работиме на интегриран начин. Наместо да се применува традиционален технолошки пристап кон трансформацијата, PwC се фокусира на резултатите што нашата работа се стреми да ги постигне. За да ги постигнеме договорените резултати, ја мобилизираме нашата експертиза во повеќе области како – покрај многу други – стратегија, дигитални услуги, создавање вредност, луѓе и организација, даноци, известување за одржливост, договори, услуги за обновување на бизнисот, правни услуги и усогласување.

Нашата стратегија се базира на нашата постојана посветеност кон квалитетот, нашите луѓе и инвестиции во иновации и нови технологии.

**Процент на ревизори кои во рамки на истражувањето потврдија:**

**Добивање конзистентни пораки за важноста на квалитетот на ревизијата од локалното и глобалното раководство**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **90%** | Финансиска година 2025 | **87%** | Финансиска година 2024 | **86%** | Финансиска година 2023 |

**Разбирање на поставените цели на фирмата за квалитет на ревизија**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **90%** | Финансиска година 2025 | **90%** | Финансиска година 2024 | **89%** | Финансиска година 2023 |

# Порака од раководството

## Преземање активности за водење на професијата

Нашата улога како ревизори е да изградиме доверба во информациите што ги движат пазарите на капитал, односно – нивната точност, сигурност и конзистентност. Како што потребите и очекувањата на корисниците на независни ревизии продолжуваат да се развиваат и протокот на информации станува сè покомплексен, PwC се обврзува на серија храбри чекори во следните области во следните неколку години кои дополнително ќе ја зголемат довербата во независната ревизија:

**Одговорност** – ќе спроведеме конкретни мерки за да им прикажеме на нашите засегнати страни дека лидерите на нашата фирма се одговорни за квалитетот на ревизијата, кое пак вклучува ризик за компензацијата на раководството на фирмата, како и за сертифицирањето на лидерството од јавноста за нашиот систем за управување со квалитетот.

**Квалитет** – ќе спроведеме серија на иницијативи за зголемување на довербата во квалитетот на ревизијата со фокус на измами и работење во континуитет, како и за истражувања за подобрувања на ревизорскиот извештај преку поизразена содржина.

**Транспарентност** – ќе продолжиме да го зголемуваме нивото на транспарентност во клучните аспекти на квалитетот на ревизијата, вклучувајќи го подобрувањето на нашиот извештај за квалитет на ревизија и комуникација на информациите поврзани со нашите политики и практики во однос на потенцијални конфликти на интереси.

**Ангажман** – ќе спроведеме серија иницијативи за подобрување на ангажманот со клучни групи засегнати страни, вклучувајќи потенцијални таленти, ревизорски комитети и инвеститори, вклучувајќи вложување време за подигање на свеста за кариера во сметководството.

Пристапуваме кон овие активности во фази – почнувајќи од одговорноста – и очекуваме секоја од нив да се развива со текот на времето, додека ги земаме предвид поставувањето на стандарди, регулаторните случувања и  новините во праксата.

Го подготвивме овој Извештај за транспарентност за финансиската година што заврши на 31 декември 2025 година, во согласност со барањата од член 35 на Законот за ревизија (“Службен весник на РСМ” бр. 158/2010, со последователни измени)



## Порака од нашиот Лидер за услуги за Уверување

Повратните информации од општеството се јасни – денес постои значителен дефицит на доверба во нашите институции. Влада, бизнис, пазари, надзорни органи, медиуми и слично. Како може да се обнови довербата со оглед на постојано растечките ефекти на технологијата врз општеството и поединците?

Како лидери во нашата професија, сериозно ја сфаќаме нашата одговорност кон јавноста. Јавната сметководствена професија е основана со цел да обезбеди доверба во деловниот свет, а денес, во рамките на нашата ревизорска пракса, довербата е во срцето на сѐ што правиме во PwC. Таа е основа за исполнување на целта на нашата организација. Еден од начините на кои градиме доверба е преку нашата транспарентност.

Како ревизори, сме свесни за најважниот двигател на довербата: квалитетот на нашите надворешни ревизии. Затоа со задоволство го претставуваме нашиот Извештај за транспарентност за финансиската година што заврши на 31 декември 2025 година. Целта на овој извештај е да даде увид во тоа како го одржуваме квалитетот во нашите ревизии. Извештајот ги опишува нашите политики, системи и процеси за обезбедување квалитет, резултатите од клучните програми за мониторинг за следење на квалитетот и проверките, како и начинот на кој ја негуваме култура на квалитет на секое ниво во фирмата. Прикажани се и деталите за друштвата за кои извршивме ревизии и вкупните приходи од нашата ревизорска и неревизорска работа.

### Проширување на дефиницијата за квалитет на ревизија

Со текот на времето, комплексноста на трговијата доведе до посложен финансиски сметководствен модел, што резултираше со побарувачка за покомплексни ревизии и потребни вештини. ESG и барањата од општеството ќе бараат од компаниите да известуваат за овие важни информации како и да бидат предмет на надворешна ревизија. Начинот на кој ја дефинираме ревизијата, а со тоа и квалитетот на ревизијата, продолжува да се проширува. Ги поздравуваме јавните дискусии кои што произлегуваат како резултат на транспарентноста за квалитетот на ревизијата. Веруваме дека постојат многу фактори кои придонесуваат за квалитетна ревизија, па затоа за да се добие јасна слика за квалитетот на ревизијата во Северна Македонија, засегнатите страни треба да се запознаат со голем број на различни мерки.

### Продолжување на дискусијата за квалитетот на ревизијата

Нашите ревизорски проекти се фундаментални за нашата стратегија и нашиот бренд. Продолжуваме да инвестираме во континуирано подобрување на квалитетот на ревизијата преку нови системи и технологии, процеси на управување со ризик и инвестиции во развојот на нашите вработени. Горд сум на улогата што ја имаме во отворањето на дискусија за квалитетот на ревизијата во Северна Македонија.

Нашата крајна цел е Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија и Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија да смета дека сме добиле разумно уверување во сите ревизорски области. Имаме воспоставено план за подобрување на квалитетот насочен кон постигнување на оваа цел.



**Драган Давитков**

Партнер, Управител и Овластен ревизор

Скопје, 31 март 2026



# Преглед на тековната година

## Анкета за партнери и вработени

**93%**

Од нашите луѓе учествуваа во нашата Глобалнатa анкета за вработените.

**95%**

Од испитаниците веруваат дека се охрабрени да спроведуваат висококвалитетни ревизии

## Прегледи на контролата на квалитет на ревизијата – внатрешна контрола




*2025 – преглед на еден ангажман;
*2024 – преглед на еден ангажман;
*2023 – преглед на еден ангажман;

Задоволително | Задоволително со потребното подобрување | Незадоволително

### Нашиот систем за управување со квалитет

Број на часови потрошени во мониторинг
**46.272 часа за регионот на ЦИЕ**
**2.100 часа за територијата (во просек)**

### 5 Наоди

Идентификувани наоди од аспект на квалитет од кои 1 е саниран - ЦИЕ и локално

## Прегледи на контролата на квалитет на ревизијата – надворешна контрола

Последната контрола на квалитет на ревизијата спроведена од Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија се реализира во ноември/декември 2025 година. Предмет на контролата на квалитет беа 3 ревизорски ангажмани, како и системот за на квалитетот на фирмата, за фискалната година што заврши на 31 декември 2024 година. Во моментот контролата е во завршна фаза (изготвување на финален извештај). Согласно досегашните комуникации, 3-те ангажмани како и системот за контрола на квалитет на фирмата, се оценети како „задоволителни“. Со оглед на 3-годишната практика на ротација од страна на локалниот регулатор, се очекува фирмата да биде предмет на надворешна контрола во текот на 2028 година.




Нема контрола | Задоволително | Незадоволително – н/а

## Корекции

**0**

Број на финансиски извештаи со корекции поради материјални грешки кои вклучуваат ревизии на ентитети од јавен интерес поради материјални грешки (каде што PwC бил ревизор претходната година)

**0%**

Процент на корегирани финансиски извештаи во однос на вкупниот број на издадени финансиски извештаи

### Прегледи во реално време

Број на ревизорски ангажмани вклучени во програмата за преглед во реално време -
Преглед на еден ревизорски ангажман (се уште во тек)
Со повеќе од 10 часа поминати од целосно посветен тим

### Тренинг за ревизија за финансиската 2025 година

Просечни часови посетувани од партнери и вработени

| 5.408 | 4.036 | 9.444 |
|---|---|---|
| Виртуелни тренинзи | Тренинзи во училница | Вкупно |

**Вкупно посетени часови 9.444**

### Тренинг за ревизија за финансиската 2024 година

Просечни часови посетувани од партнери и вработени

| 4.076 | 2.578 | 6.654 |
|---|---|---|
| Виртуелни тренинзи | Тренинзи во училница | Вкупно |

**Вкупно посетени часови 6.654**

### Технички часови за тренинг во финансиската 2025 година на ниво на ЦИЕ

Број на часови на технички тренинг ( за ревизија, сметководство, подотоци итн.) задолжителен од страна на PwC годишно



# Преглед на тековната година

**Просечни годишни работни часови над 40 часа неделно по ниво**

| | Партнери | Менаџери | Постари соработници | Соработници |
|---|---|---|---|---|
| **Прекувремени часови на работа по ниво за 2025** | 0 | 10 | 65 | 70 |
| **Прекувремени часови на работа по ниво за 2024** | 0 | 33 | 52 | 47 |

## Проектен менаџмент – спроведувањето на ревизијата по фази

### Буџет на потрошени часови за ревизија на ентитети од јавен интерес







Буџетирано   Реализирано

### Соодност на часови потрошени при вршење ревизија, меѓу членовите на ревизорскиот тим на проектот

| | | | финансиска 2025 година | | | финансиска 2024 година | | | финансиска 2023 година | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Партнери | кон | Менаџери | 1 | кон | 11,0 | 1 | кон | 8,4 | 1 | кон | 5,8 |
| Менаџери | кон | Вработени | 1 | кон | 4,1 | 1 | кон | 3,9 | 1 | кон | 2,9 |
| Партнери | кон | Вработени | 1 | кон | 45,6 | 1 | кон | 33,6 | 1 | кон | 17,2 |

### Просечна стапка на задржување според нивото на работна позиција







### Работна искористеност на вработените

Реално искористување на персоналот што работи на ревизии

2025: 55%

2024: 54%

2023: 53%

### Техничка поддршка – за регионот ЦИЕ

1 до 6.2

Соодност на партнери кои служат во улога на техничка поддршка во однос на вкупниот број на ревизорски партнери

### Користење на алтернативни модели на испорака (Центар за компетенции, SDC, MTDC)

31%

Процент на ревизорски часови извршени од Центрите за унапредување

### Искуство на нашите партнери

Просечно годишно искуство на партнерите во PwC

24 ГОДИНИ

2

# Нашиот пристап кон квалитетот

# Нашиот пристап кон квалитетот

## Меѓународен стандард за управување со квалитет МСУК 1 (ISQM 1)

Во декември 2020 година, Одборот за меѓународни ревизорски стандарди (IAASB) одобри и објави три нови и ревидирани стандарди кои го зајакнуваат и модернизираат пристапот на фирмата кон управување со квалитет, вклучувајќи го и МСУК 1 (ISQM 1). Овој стандард, кој стапи на сила на 15 декември 2022 година, бараше сите фирми да ги дизајнираат и имплементираат барањата на стандардот и да го оценат својот Систем за управување со квалитет (SoQM) според новиот стандард до 15 декември 2023 година.

ISQM 1 е пристап базиран на цели кој очекува фирмите да имаат SoQM што функционира на континуиран и повторлив начин, земајќи ги предвид условите, настаните, околностите, дејствата и неактивностите што влијаат на фирмата. Тоа ги зголемува одговорностите на фирмата околу мониторинг и санација, нагласувајќи ја потребата од поактивно следење на SoQM во реално време, поефикасен, ефективен и навремен процес на анализа на основните причини, како и навремено и ефективно отстранување на недостатоците.

ISQM 1 наведува дека целта на фирмата е да дизајнира, имплементира и управува со SoQM кој  и обезбедува на фирмата разумна сигурност дека:

- Фирмата и нејзиниот персонал ги исполнуваат своите одговорности во согласност со професионалните стандарди и важечките законски и регулаторни барања, и ги извршуваат ангажманите во согласност со тие стандарди и барања; и
- Извештаите за ангажман издадени од страна на фирмата или партнерите се соодветни во овие околности.

Стандардот понатаму вели дека јавниот интерес се служи од конзистентната изведба на квалитетните ангажмани и дека тоа е овозможено со ефикасен SoQM.

## Специфичен фокус на квалитетот на ревизијата низ целата PwC мрежа

### Рамката за управување со квалитет (QMSE) во PwC мрежата

Обезбедувањето на висококвалитетна работа е суштината на водење бизнис во PwC; Тоа е она што нашите засегнати страни со право го очекуваат од нас.

За да ги испорача услугите на ефективен и ефикасен начин кој ги исполнува очекувањата на нашите клиенти и другите засегнати страни, PwC мрежата воспостави рамка за управување со квалитет (QMSE) кој го интегрира управувањето со квалитетот во начинот на кој секоја фирма го води својот бизнис и управува со ризик.

QMSE рамката е дизајнирана да се усогласи со целите и барањата на ISQM 1 и обезбедува модел за управување со квалитет во PwC фирмите, интегрирајќи го управувањето со квалитет во бизнис процесите и процесот на управување со ризик на ниво на целата фирма. Според QMSE, нашата целокупна цел за квалитет е поддржана со серија основни цели за управување со квалитетот, и SoQM на секоја фирма треба да биде дизајниран и управуван така што вкупната цел за квалитет, која вклучува исполнување на целите и барањата на ISQM 1, да се постигне со разумна сигурност.

### “ Општа цел за квалитет под QMSE рамката

Да ги имаме во предвид соодветните капацитети во нашата организација и преку охрабрување и правилна распределба на нашите вработени, да обезбедиме тие правилно и континуирано да ги применуваат нашите методологии, процеси и технологии, со цел услугите да се испорачуваат на ефективен и ефикасен начин и да се исполнат очекувањата на клиентите и другите засегнати страни.

### Интегрирани и усогласени на вистинскиот начин

Нашиот SoQM вклучува цели за квалитет кои се идентификуваат од следните компоненти на ISQM 1, како и од сите дополнителни цели што PwC мрежата ги идентификувала во QMSE рамката.

- Управување и лидерство
- Релевантни етички барања
- Прифаќање и продолжување на односите со клиентите и специфичните ангажмани
- Перформанси во ангажманот
- Ресурси
- Информации и комуникација

За да ни помогне да ги постигнеме овие цели, PwC мрежата инвестира значителни ресурси во континуирано подобрување на квалитетот низ нашата мрежа. Ова вклучува постоење на силна и квалитетна инфраструктура поддржана од вистинските луѓе, основни алатки и технологија и на ниво на мрежа како и во рамките на нашата фирма, како и програма за континуирани иновации и инвестиции во нашата технологија. Организацијата за Глобален ревизорски квалитет (Global Assurance Quality - GAQ) на PwC мрежата има за цел да ги поддржи PwC фирмите во промовирање, овозможување и континуирано подобрување на квалитетот на ревизијата преку ефективни политики, алатки, насоки и системи што се користат за понатамошно промовирање и следење на квалитетот и за градење соодветно ниво на конзистентност во нашата работа.

# Нашиот пристап кон квалитетот

Овие елементи се интегрирани и усогласени од PwC мрежата со цел да се создаде сеопфатна и меѓусебно поврзана рамка за управување со квалитетот, која секоја фирма ја приспособува според сопствените околности. Секоја фирма е одговорна да ги користи ресурсите обезбедени од мрежата како дел од нашите заеднички напори да обезбедиме квалитет кој ги исполнува очекувањата на засегнатите страни.

### Процесот на управување со квалитет

Остварувањето на овие цели е поддржано од **Процесот на управување со квалитет (QMP)** воспоставен од нашата фирма и раководството одговорно за ревизорски услуги, одговорните за деловни процеси, партнерите и вработените. Овој процес на управување со квалитетот вклучува:

- идентификување на ризиците за постигнување на целите за квалитет
- дизајнирање и имплементација на одговорите на проценетите ризици од квалитет
- следење на дизајнот и оперативната ефикасност на политиките и процедурите преку користење на мониторинг активности како што се осигурување на квалитет во реално време, како и употреба на соодветни индикатори за квалитет на ревизијата
- континуирано подобрување на системот за управување со квалитет (SoQM) кога се идентификуваат области за подобрување преку извршување на анализа за основните причини и спроведување на мерки за корекција; и
- воспоставување рамка за признавање и одговорност поврзана со квалитет, која поставува јасни очекувања за очекуваното квалитетно однесување и резултати, и ги зајакнува тие очекувања преку конзистентна и транспарентна примена на одлуките за оценки, надоместоци и напредок во кариерата



Ова вклучува интегрирана употреба на Индикатори за квалитет на услуги за уверување за да се предвидат потенцијални проблеми со квалитетот, уверување во реално време со цел нивно спречување, анализа на основните причини за да научиме од идентификуваните проблеми, како и рамка за препознавање и одговорност која го зајакнува нашето однесување кон квалитетот, нашата култура и соодветните постапки

## Регионалниот пристап на Централна и Источна Европа

PwC Централна и Источна Европа работи на регионална основа и како резултат на тоа мнозинството процеси, контроли и системи се регионални. Тие се надополнети со локални политики и процедури кои се однесуваат на локалните ризици и имплементацијата на регионалните барања. Локалното раководство ги прегледа и оцени како регионалните така и локалните територијални компоненти на SoQM.

## Системот за управување со квалитет (SoQM) на нашата фирма

Нашиот систем за управување со квалитет (SoQM) мора да биде дизајниран, имплементиран и да функционира на континуирана основа за да се постигнат целите за квалитет. Овој тековен процес вклучува мониторинг, проценка, евалуација, известување и реагирање на промени во ризиците за квалитет, настанати како резултат на внатрешното и надворешното опкружување на фирмата. Се ова го претставува нашиот Процес на управување со квалитет (QMP).

Нашиот фокус на управувањето со квалитетот не е само примената на пропишаните правила, туку и дизајнирање и имплементирање соодветни одговори на идентификуваните ризици. Овие одговори мора да бидат соодветни во однос на ризиците утврдени при процената, со цел да се постигне целта за квалитет, земајќи ги предвид условите, настаните, околностите, дејствата и/или пропустите кои можат да влијаат на нашиот SoQM.

### Нашиот процес на проценка на ризик

Последните неколку години донесоа огромни предизвици, а системот за управување со квалитет на нашата фирма (SoQM) ни помогна да ги надминеме и одговориме на влијанието што идентификуваните фактори го имаа врз нашата способност да ја постигнеме севкупната цел за квалитет на ревизорските услуги – односно да обезбедиме квалитетни ревизорски ангажмани. Нашиот SoQM вклучува извршување на проценка на ризик според целите за квалитет идентификувани во QMSE рамката. Разгледуваме како и до кој степен една состојба, настан, околност, дејство или неактивност може негативно да влијае на постигнувањето на целите за квалитет кои можат да резултираат со:

- Нови или променливи ризици за квалитет за постигнување на една или повеќе од целите за квалитет
- Промени во проценката на постоечките ризици на квалитет
- Промени во дизајнот на SoQM на фирмата, вклучувајќи ги и одговорите на ризик

Ризик на квалитет е оној што има разумна можност да се појави и, поединечно, или во комбинација со други ризици поврзани со квалитетот, може негативно да влијае на постигнувањето на една или повеќе цели за квалитет.

# Системот за управување со квалитет на нашата фирма

## Цел да предвидиме: Индикатори за осигурување на квалитет

Идентификувавме сет на индикатори за квалитет на ревизијата (Assurance Quality Indicators – AQI) кои го поддржуваат нашиот тим и раководството во раното откривање на потенцијални ризици за квалитетот, користејќи метрики што овозможуваат предвидување на можни проблеми. Оваа анализа на ризиците за квалитет претставува суштински дел од нашиот QMSE, а AQI, заедно со другите мерки за перформанси, се клучна алатка за тековно следење и континуирано подобрување на нашиот SoQM.



Во текот на овој Извештај за транспарентност обезбедивме увид во политиките и процедурите што се дизајнирани, имплементирани и функционираат на локално или регионално (ЦИЕ) ниво, со цел да се намалат идентификуваните ризици за квалитет на прифатливо ниво и да ни помогнат да постигнеме разумна сигурност во однос на SoQM на фирмата.

Како што беше споменато погоре, дел од нашите политики и процедури се обезбедени од PwC мрежата. Ние ја извршивме нивната проценка за да утврдиме дека овие ресурси се соодветни за користење како дел од нашиот SoQM и при извршување на ангажмани. Следните делови од извештајот ги опфаќаат целите за квалитет утврдени во МСУК (ISQM 1):

- Култура и вредности – Управување и лидерство, релевантни етички барања, прифаќање и продолжување на односите со клиентите и специфични ангажмани
- Нашите луѓе – Човечки ресурси
- Нашиот пристап – Интелектуални и технолошки ресурси, ангажман, информации и комуникација

### Нашиот процес на мониторинг и санација

Во делот Мониторинг ги опишавме видовите на тековно и периодично следење што нашата фирма ги дизајнирала, имплементирала и спроведува со цел да обезбеди релевантни и сигурни информации за SoQM на фирмата и да ни овозможи навремено преземање соодветни мерки за идентификуваните недостатоци, со што тие ќе бидат ефикасно и навремено отстранети. За поддршка на навремено и ефективно отстранување на идентификуваните недостатоци, нашата фирма дизајнирала, имплементирала и спроведува програма за анализа на основните причини, која е подетално опишана на страница 37.

Информациите собрани преку процесите на мониторинг и ремедијација, заедно со други извори на информации, како што се надворешните прегледи, се користат за да ни помогнат во евалуацијата на нашиот SoQM.

# Системот за управување со квалитет на нашата фирма

## Изјава за ефективноста на SoQM на фирмата

Во текот на годината, ја завршивме нашата евалуација на системот за управување со квалитет (SoQM) на фирмата според МСУК 1(ISQM 1). Во име на ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО Скопје, Драган Давитков проценува дали системот за управување со квалитет (SoQM) на нашата фирма ни дава разумно уверување дека:

- Фирмата и нејзиниот персонал ги исполнуваат своите одговорности во согласност со професионалните стандарди и применливите законски и регулаторни барања, и ги извршуваат ангажманите во согласност со тие стандарди и барања; и
- Извештаите за ангажман издадени од фирмата или партнерите за ангажирање се соодветни во овие околности.

Врз основа на сите релевантни информации на системот за управување со квалитет (SoQM) на фирмата, заклучно со 31 декември 2025 година, веруваме дека нашиот систем за управување со квалитет (SoQM) ни обезбедува разумно уверување дека целите за квалитет на МСУК 1 (ISQM 1) претходно наведени погоре се постигнати.

Помеѓу датумот на евалуација, од 31 декември 2025 година, до датумот на овој извештај за транспарентност од 31 март 2026 година, не се идентификувани дополнителни информации дека постојат нови значајни (тешки или продорни) недостатоци во системот за управување со квалитетот на PwC Северна Македонија поврзани со системот за управување со квалитет (SoQM) во периодот од 1 јануари 2025 до 31 декември 2025 година.

Проценката на системот на контрола на квалитет (SoQM) на фирмата се врши во рамките на PwC ЦИЕ (CEE) на две нивоа. Прво, раководството на PwC ЦИЕ (CEE) ја врши проценката на системот за контрола на квалитет (SoQM) за целиот регион на ЦИЕ (CEE). Потоа резултатите од оваа проценка се комуницираат до раководните тимови во секоја територија. Врз основа на овие резултати, дополнети со информации специфични за територијата (на пр. резултати од локални регулаторни прегледи, индикатори за осигурување на квалитет на ниво на територија (AQIs)), раководството на територијата заклучува за системот на контрола на квалитет (SoQM) за територијата. Оваа проценка на територијата е основа на изјавата за ефективност на SoQM на фирмата, како што е вклучено во Извештајот за транспарентност.



ПрајсвотехаусКуперс Ревизија ДОО Скопје ги следеше Стандардите за ревизија објавени во Службениот весник на Република Северна Македонија (273/2024) (SAs) и Меѓународниот кодекс на етика за професионални сметководители (вклучувајќи ги и меѓународните стандарди за независност) издадени од Меѓународниот одбор за етички стандарди за сметководители, како што е објавено во Службениот весник на Република Северна Македонија (273/2024) (Кодекс на етика)

## Последен преглед на обезбедување на квалитет

Последната надворешна контрола за проверка на квалитет, во согласност со член 19 од Законот за ревизија, беше спроведена од Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија во периодот помеѓу ноември/декември 2025 година, Во моментот на издавање на овој извештај, контролата е во завршна фаза (изготвување на финален извештај).

Според Законот за ревизија, регулаторната инспекција на ревизорската фирма се врши на секои 3 години.

ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО Скопје продолжува да биде регистрирана за спроведување на законска ревизорска работа во Републиката на Северна Македонија. Дополнително, компанијата е под постојан процес на контрола на квалитетот од внатрешните форми на контрола на PwC мрежата годишно.

3

# Култура и вредности

# Нашата култура и вредности

## Дефиниција и култура

Во PwC, квалитетната услуга ја дефинираме како услуга што постојано ги исполнува очекувањата на нашите засегнати страни и е во согласност со сите применливи стандарди и политики. Важен дел од нашата способност да обезбедиме ваков квалитет е градењето култура во мрежа од повеќе од 364.000 луѓе. Оваа култура на квалитет нагласува дека квалитетот е одговорност на секого. Континуираното унапредување на оваа култура е значајна област на фокус за нашите глобални и локални лидерски тимови и игра клучна улога во мерењето на нивните перформанси.

## Мерење и транспарентност

Во сите наши деловни сегменти, секоја фирма членка на PwC мрежата, согласно договорот за членство, е обврзана да воспостави сеопфатен систем за управување со квалитет (Систем за управување со квалитет - SoQM); да спроведува годишна проценка на ефективноста на тој систем; како и да го информира глобалното раководство за резултатите од овие евалуации. Овие резултати потоа детално се дискутираат со раководството на секоја локална фирма, и доколку не се на очекуваното ниво, се договара план за санација, при што локалното раководство презема лична одговорност за успешната имплементација.

Како што се менуваат и развиваат услугите што ги нуди нашата мрежа, така се менуваат и потребите и очекувањата на нашите засегнати страни. Поради тоа, ние и мрежата на PwC континуирано го прегледуваме и ажурираме нивото, обемот и ефективноста на системот за управување со квалитет во PwC фирмите, и инвестираме во програми за понатамошно унапредување на квалитетот на услугите што ги нуди PwC мрежата.



# Посветеноста на нашата фирма кон квалитет

## Лидерството и патоказот даден од страна на раководството

Нашата цел и вредности се темелот на нашиот успех. Нашата цел е да изградиме доверба во општеството и да решаваме важни проблеми, а нашите вредности ни помагаат да ја оствариме оваа цел. Целта го одразува „зошто“ го правиме тоа што го правиме, додека нашата стратегија го дефинира „што“ правиме. „Како“ ја реализираме нашата цел и стратегија е водено од нашата култура, вредности и однесувања. Ова претставува темел на нашиот систем за управување со квалитет (SoQM) и продира во начинот на кој работиме, вклучувајќи го насочувањето на нашите деловни активности и начинот на кој обезбедуваме „доверба во она што е важно“.

### Важна е довербата

Денес компаниите се оценуваат според многу повеќе фактори, отколку само од финансиски резултати. Перформансите на компанијата во области како ESG, сајбер безбедност и други области можат да влијаат на нејзината репутација, задржување на вработените, пристап до капитал и на крајот на нејзината пазарна вредност.

Затоа ја проширувааме нашата ревизорска понуда за да обезбедиме доверба во финансиските извештаи и во поширокитe ефекти што компаниите ги имаат врз деловната средина.

Ова го нарекуваме ‘доверба во она што е важно’. Применуваме строги стандарди при анализата на перформансите на компаниите по прашања како климата и разновидноста. Овој пристап им помага на компаниите да го прикажат својот напредок, да изградат доверба, да ја зајакнат својата деловна репутација и да ја зголемат вредноста на нивната компанија на пазарот.

Ги охрабруваме нашите клиенти да разберат што е важно за нивните засегнати страни и обезбедуваме сигурни информации за перформансите на компанијата според овие мерки. Веруваме дека ако на нешто треба да му се верува, мора да биде сигурно. Обезбедувањето висококвалитетни ревизорски услуги ја зголемува одговорноста и довербата, додека им обезбедува на компаниите цврста основа за следење и унапредување на нивните перформанси.

Кога работиме со нашите клиенти и нашите колеги за да изградиме доверба во општеството и да решиме важни проблеми, ние:

- Делуваме со интегритет
- Правиме разлика
- Се грижиме
- Работиме заедно
- Повторно го замислуваме возможното

За понатамошно зајакнување на нашата култура на квалитет, PwC ЦИЕ спроведе посветена иницијатива за култура на квалитет. Како дел од оваа програма, фирмата ги идентификуваше критичните однесувања користејќи го пристапот развиен од Центарот Katzenbach при PwC, кој послужи како основа за различни ревизорски и осигурителни практики низ мрежата да го започнат своето културно патување.

Нашите критични однесувања се:

- Да се биде присутен
- Водење со пример
- Да се зборува гласно
- Споделување контекст

Оваа култура е поддржана со соодветен тон од врвот преку редовна комуникација од раководството до сите партнери и вработени за посветеноста на фирмата кон квалитетот.

Клучните пораки се пренесуваат низ нашата фирма преку партнерот и лидерскиот тим и дополнително се зајакнуваат од одговорните партнери на ангажманите. Овие комуникации се фокусираат и на областите во кои постигнуваме добри резултати и на чекорите што треба да ги преземеме за да обезбедиме понатамошни подобрувања. Лидерите и одговорните партнери на ангажманите ги преземаат овие активности, истовремено демонстрирајќи ги очекуваните однесувања во интеракциите со клиентите и тимовите. Го мериме степенот во кој нашите луѓе веруваат дека пораките од лидерството ја пренесуваат важноста на квалитетот за успехот на фирмата. Врз основа на ова следење, сигурни сме дека нашите луѓе ги разбираат нашите цели за квалитет. Обезбедувањето услуги со највисок квалитет претставува темел на нашата цел и на нашата осигурителна стратегија, насочена кон зајакнување на довербата и транспарентноста кај клиентите, капиталните пазари и поширокото општество.

## Мерки за квалитет на ревизијата

- Резултати од Глобалната анкета за нашите вработени: Резултати од индексот за ангажирање на луѓе
- Глобална анкета за нашите вработени: Резултати од индексот за квалитетно однесување

*Мерките се презентирани на страна 5 и 27*

## Зајакнување: Рамка за признавање и одговорност

Нашата рамка за признавање и одговорност (Recognition and Accountability Framework - RAF) го зајакнува квалитетот во сè што нашите луѓе прават во реализацијата на нашата стратегија, со фокус на обезбедување услуги за нашите клиенти, начинот на кој работиме со нашите луѓе и поттикнување култура на висок квалитет. Нашата рамка за признавање и одговорност (RAF) е дизајнирана да постави јасни очекувања за очекуваното квалитетно однесување и квалитетни резултати и да ги зајакне тие очекувања преку држење на партнерите одговорни за квалитетно однесување и квалитетни резултати надвор од усогласеноста. Нашата рамка за признавање и одговорност (RAF) ги разгледува и адресира следните клучни елементи:

- Квалитетни резултати: Обезбедуваме транспарентни и мерливи квалитетни резултати за да го оцениме постигнувањето на нашите цели за квалитет. Нашите квалитетни резултати го земаат предвид исполнувањето на професионалните стандарди, стандардите на PwC мрежата и стандардите, политиките и процедурите на нашата фирма
- Однесувања: Поставивме јасни очекувања за вистинските однесувања кои ја поддржуваат соодветната насоченост кон квалитетот, вистинскиот тон од врвот и силната ангажираност кон целите за квалитет
- Интервенции/признавање: Воведовме интервенции и признанија кои промовираат и зајакнуваат позитивни однесувања и поттикнуваат култура на квалитет
- Последици/награда: Воведовме финансиски и нефинансиски последици и награди кои се соодветни на исходот и однесувањето и доволни за да ги поттикнат правилните однесувања за постигнување на целите за квалитет

Во текот на финансиската 2024 година беше воспоставен CEE Комитет за модерација на вредности, составен од извршниот директор на ЦИЕ (CEE), раководителот за ризици (CRO), лидерот на Partner Office, претседателот на PC и членовите на подкомитетот за приходи и модерација на PC, со цел да се обезбеди доследна примена на рамката за признавање и одговорност (RAF). Комитетот одржа три состаноци во однос на финансиската 2025 година, обезбедувајќи навремена примена на рамката за признавање и одговорност (RAF).



# Етика, независност и објективност

## Етика (1/2)

Во PwC се придржуваме до основните принципи на етика утврдени во Кодексот за етика за професионални сметководители (Кодексот) на Меѓународниот одбор за етички стандарди за сметководители (IESBA), кои се:

i. **Интегритет** – да се биде искрен и директен во сите професионални и деловни односи.

ii. **Објективност** – да не се дозволи пристрасност, конфликт на интереси или прекумерно влијание од други да ги надвладеат професионалните или деловните проценки.

iii. **Професионална компетентност и соодветна грижа** – да се одржуваат професионалните знаења и вештини на потребното ниво за да се осигура дека клиентот или работодавачот добива компетентна професионална услуга заснована на тековните развојни практики, законодавство и техники, и да се постапува совесно и во согласност со применливите технички и професионални стандарди.

iv. **Доверливост** – да се почитува доверливоста на информациите стекнати како резултат на професионални и деловни односи и според тоа, да не се откриваат било какви информации на трети лица без соодветна и конкретна овластеност, освен ако не постои законско или професионално право или обврска за откривање, ниту да се користат информациите за лична корист на професионалниот сметководител или трети лица.

v. **Професионално однесување** – да се усогласат со релевантните закони и регулативи и да се избегнат какви било дејствија што ја дискредитираат професијата.

Стандардите на нашата мрежа, кои се применуваат на сите фирми во мрежата, опфаќаат широк спектар области, вклучително и етика и деловно однесување, независност, спречување перење пари, антимонополски/фер-конкурентски правила, антикорупција, заштита на информации, даночни обврски на фирмата и партнерите, закони за санкции, внатрешна ревизија и заштита на внатрешните информации. Ние сериозно го сфаќаме почитувањето на овие етички барања и настојуваме да го следиме не само нивното формално спроведување, туку и нивната суштина.

Сите партнери и вработени посетуваат годишна задолжителна обука, како и доставуваат годишни потврди за усогласеност со овие барања, како дел од системот за поддршка на соодветното разбирање на етичките барања според кои работиме. Партнерите и вработените ги почитуваат стандардите развиени од PwC мрежата, а раководството во ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО Скопје го следи исполнувањето на овие обврски.

Покрај вредностите на PwC (делуваме со интегритет, правиме разлика, се грижиме, работиме заедно, повторно го замислуваме возможното) и целта на PwC, ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО Скопје го усвои Кодексот на однесување, стандардите за мрежи и сродните политики на PwC кои јасно ги опишуваат однесувањата што се очекуваат од нашите партнери и другите вработени – однесувања кои ќе ни овозможат да изградиме доверба кај јавноста. Поради широкиот спектар на ситуации со кои може да се соочат нашите вработени, нашите стандарди даваат насоки во широк спектар на околности, но сите со заедничка цел - да ја направат вистинската работа.

По вработувањето, вработените и партнерите во ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО Скопје се запознаени со Глобалниот кодекс на однесување на PwC. Од нив се очекува да работат според вредностите изразени во Кодексот во текот на нивната професионална кариера и имаат одговорност да пријавуваат и да изразуваат загриженост и да го направат тоа праведно, искрено и професионално кога се справуваат со тешка ситуација или кога набљудуваат неконзистентно однесување со Кодексот. Дополнително, партнерите и вработените се обврзани да посетуваат обука за нововработени, која ги опфаќа стандардите на мрежата за етика и усогласеност, вклучувајќи ги етиката и Кодексот на однесување.

# Етика, независност и објективност

## Етика (2/2)



PwC има воспоставено служба за поддршка на клиентите за пријавување на етички прашања или неправилности поврзани со однесување кое не е во согласност со Кодексот на однесување и релевантните политики. Секоја фирма членка на мрежата на PwC има посебна и сигурна функција за поддршка за известување за етички прашања и поврзани истраги. Поддршка за корисници за известување за етички прашања е достапна и за трети страни, вклучувајќи ги и клиентите, која им овозможува на нашите партнери, вработени и трети страни да се чувствуваат безбедно да постават прашање или загриженост без страв од казни.

Кодексот на однесување на PwC и поддршката за етички прашања и поврзани истраги се достапни онлајн за сите внатрешни и надворешни засегнати страни на https://www.pwc.com/ethics.

ЦИЕ усвои рамка за одговорност за да го олесни отстранувањето на однесувања кои не се во согласност со Кодексот на однесување.

Конечно, Организацијата за економска соработка и развој (OECD) дава насоки, вклучувајќи ги и Насоките на OECD за мултинационални претпријатија (Насоки на OECD), преку необврзувачки принципи и стандарди за одговорно деловно однесување за работа на глобално ниво. Насоките на OECD обезбедуваат вредна рамка за поставување применливи барања и стандарди за усогласеност. Иако мрежата на PwC се состои од фирми кои се одделни правни субјекти кои не формираат мултинационална корпорација или претпријатие, стандардите и политиките на мрежата на PwC се информирани и ги исполнуваат целите и задачите на Насоките на OECD.

Глобалната анкета за луѓе содржи неколку прашања поврзани со етиката и содржината во горенаведените параграфи, како на пример:

- Луѓето со кои работам покажуваат однесување во согласност со Глобалниот кодекс на однесување на PwC.
- Во PwC се чувствувам удобно да дискутирам или пријавувам етички прашања и грижи без страв од негативни последици.

## Објективност и независност

Како ревизори на финансиски извештаи и даватели на други видови професионални услуги, од PwC фирмите и нивните партнери и вработени се очекува да ги почитуваат основните принципи на објективност, интегритет и професионално однесување. Во однос на клиентите за ангажмани на уверување, независноста ги поткрепува овие барања. Усогласеноста со овие принципи е од суштинско значење за пазарите на капитал и за нашите клиенти. Глобалната политика за независност на PwC, која се базира на Кодексот, вклучувајќи ги и Меѓународните стандарди за независност, содржи минимални стандарди кон кои се придржуваат фирмите-членки на PwC, вклучувајќи и процеси што треба да се следат за да се одржи независноста од клиентите, кога е потребно.

Барањата за независност на Комисијата за хартии од вредност на САД (SEC) и тие од ЕУ се, во одредени случаи, порестриктивни од Глобалната политика за независност. Со оглед на опфатот на овие барања и нивното влијание врз PwC фирмите во мрежата, Политиката ги идентификува клучните области каде барањата на САД (SEC) или ЕУ се порестриктивни. Покрај одредбите од Политиката за независност опишани во следниот став, неопходно е да се почитуваат одредбите што важат за правните лица кои подлежат на ограничувања на САД (SEC) или ЕУ.

### Политики и практики за независност

Глобалната политика за независност на PwC ги опфаќа, меѓу другото, и следните области:

- лична независност и независност на фирмата, вклучувајќи политики и насоки за поседување финансиски интереси и други финансиски аранжмани, на пр., банкарски сметки и заеми од страна на партнерите, вработените, фирмата и нејзините пензиски шеми;
- неревизорски услуги и договори за надоместоци. Политиката е поддржана со Изјави за дозволени услуги (SOPS), кои обезбедуваат практични насоки за примена на политиката во однос на неревизорски услуги за ревизија на клиенти и поврзани субјекти;
- деловни односи, вклучувајќи политики и насоки за заеднички деловни односи (како заеднички вложувања и заеднички маркетинг) и за купување на добра и услуги стекнати во нормален тек на деловното работење; и
- прифаќање на нови клиенти за ревизија и ангажмани за уверување, и последователно прифаќање на неревизорски услуги за тие клиенти.

На ниво на ЦИЕ имаме назначен партнер (познат како 'Партнер одговорен за независност' или 'PRI') со соодветен стаж и статус, кој е одговорен за имплементација на Глобалната политика за независност на PwC, вклучувајќи го и управувањето со релевантните процеси за независност и обезбедување поддршка на бизнисот. Партнерот одговорен за независност (PRI) е поддржан од тим специјалисти за независност. Партнерот одговорен за независност (PRI) одговара директно пред главниот директор за ризик (CEE Chief Risk Officer), член на лидерскиот тим на ЦИЕ фирмата.

Дополнително, постои Политика за управување со ризици на ниво на мрежа која ги регулира барањата за независност поврзани со ротацијата на клучните партнери за ревизија.

Овие политики и процеси се дизајнирани да им помогнат на PwC фирмите да се усогласат со релевантните професионални и регулаторни стандарди за независност што се применуваат за обезбедување услуги за уверување. Политиките и придружните упатства се прегледуваат и ревидираат кога ќе се појават промени, како што се ажурирања на закони и регулативи, вклучувајќи ги сите промени во Кодексот или како одговор на оперативни прашања.

ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО Скопје верува дека опкружувањето за контрола на квалитетот ја дополнува глобалната политика за независност на PwC како што се бара со локалните регулативи каде што тие се порестриктивни од политиката на мрежата.

### Системи и алатки поврзани со независност

Како членка на PwC мрежата, ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО Скопје има пристап до бројни системи и алатки кои ги поддржуваат PwC фирмите и нивните вработени во спроведувањето и усогласеното работење со политиките и процедурите за независност. Овие алатки вклучуваат:

- Central Entity Service (CES) е систем кој содржи информации за корпоративни субјекти, вклучително и сите клиенти на PwC за ревизија и нивните поврзани субјекти (вклучително и сите клиенти од јавен интерес и субјекти ограничени од страна на SEC), како и нивните поврзани хартии од вредност. CES помага во утврдување на статусот на ограничувања поврзани со независноста за клиентите на PwC фирмата, како и за клиентите на други PwC фирми, пред да се влезе во нова не-ревизорска услуга или деловен однос. Овој систем, исто така, ги снабдува Independence Checkpoint и системот Authorisation for Services со потребните податоци;
- Independence Checkpoint е систем кој овозможува претходна проверка (pre-clearance) на хартии од вредност со кои се тргува јавно, од страна на сите партнери и менаџерски кадар пред нивно стекнување, и служи за евидентирање на нивните последователни купувања и продажби. Кога PwC фирма ќе добие нов клиент за ревизија или кога ќе има промена во статусот на ограничување на одредена хартија од вредност, системот автоматски ги известува сите кои поседуваат релевантни хартии од вредност кај тој клиент, за обврската да ја продадат таа хартија, доколку тоа е потребно;
- Authorisation for Services (AFS) е глобален систем што ја олеснува комуникацијата помеѓу лидерот на ангажманот за неревизорски услуги и лидерот на ревизорскиот ангажман во врска со предложена неревизорска услуга. Системот го документира анализирањето на сите потенцијални закани за независност произлезени од услугата и предложените заштитни мерки, кога тоа се смета за потребно, и служи како евиденција за заклучокот на ревизорскиот партнер во однос на тоа дали услугата е дозволена;
- Joint Business Relationships (JBR) е глобален систем што се користи за одобрување на заеднички (блиски) деловни односи од перспектива на независност. JBR го поддржува усогласувањето на PwC фирмите со барањата за JBR за новите и постојните заеднички деловни односи. Системот им помага на специјалистите за независност при собирање информации потребни за процена, од аспект на независноста, на дозволивоста на предложените заеднички деловни односи, и е во континуиран мониторинг на постоечките претходно одобрени заеднички деловни односи;
- My Compliance 'Dashboard (MCD) е глобален систем кој го овозможува и олеснува прибирањето на информации за годишните потврди за усогласеност, потврдите за независност на ангажманот и известувањето; и
- Global Breaches Reporting System е систем дизајниран за пријавување прекршувања на прописите за независност на надворешните ревизори (на пример, оние утврдени со регулаторни или професионални барања) и кога прекршувањето има прекугранични последици (на пример, кога прекршување се случува во една територија, а влијае на ревизорски однос во друга територија). Сите пријавени прекршувања се оценуваат и се адресираат во согласност со Кодексот или со релевантните регулативи за независност.

ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО Скопје има неколку специфични системи за Република Северна Македонија кои вклучуваат:

- Систем за следење на ротација кој ја следи усогласеноста со политиките за ротација на лидерите на ревизорски ангажмани во ПрајсвотерхаусКуперсРевизијаДОО Скопје, другите клучни партнери и клучни вработени вклучени во ревизијата

### Обука и потврда за независност

ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО Скопје им обезбедува на сите партнери и вработени во праксата годишна или континуирана обука за прашања поврзани со независноста. Обуката обично се фокусира на релевантни теми при промената на позицијата или улогата на вработените, промени во политиката или надворешната регулатива и како што е релевантно, обезбедувањето на услуги. Партнерите и вработените добиваат компјутерска обука за политиката за независност на ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО Скопје и сродни теми. Дополнително, обука лице в лице се спроведува по потреба од страна на специјалистите за независност на  ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО Скопје, како и тимовите за ризик и квалитет.

Сите партнери и вработени во праксата се обврзани да пополнат годишна потврда за усогласеност, при што ја потврдуваат својата усогласеност со релевантните аспекти на политиката за независност на PwC фирмата, вклучувајќи ја и нивната лична независност. Дополнително, сите партнери потврдуваат дека сите неревизорски услуги и деловни односи за кои се одговорни се во согласност со политиката и дека се следат потребните процеси при прифаќање на овие ангажмани и деловни односи. Овие годишни потврди се дополнети со периодични и по потреба потврди на ниво на ангажман за сите вработени кои работат на ревизорски ангажмани.

### Изјава на раководството во врска со практиките и прегледот на независноста

Управниот одбор на Република Северна Македонија изјавува дека процедурите за обезбедување независност се во согласност со важечките регулативи.

Последниот внатрешен преглед на усогласеноста со независноста беше спроведен на регионално ниво на ПрајсвотерхаусКуперс ЦИЕ (PricewaterhouseCoopers CEE) и беше завршен во април 2025 година.

### Мониторинг на независноста и дисциплинска политика

ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО Скопје е одговорна за следење на ефикасноста на својот систем за управување со квалитет (SoQM) во управувањето со усогласеноста со барањата за независност. Покрај потврдите опишани погоре, како дел од ова следење, извршуваме:

- Тестирање на усогласеност на контролите и процесите на независност;
- Тестирање на усогласеност на личната независност на случаен избор, односно избор на партнери и менаџери на пракси како средство за следење на усогласеноста со политиките за независност; и
- Годишна проценка на усогласеноста на нашата фирма со стандардите на мрежата PwC во однос на независноста.

Резултатите од мониторингот и тестирањето на ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО Скопје на редовна основа се пријавуваат на раководството на фирмата, со сумарен годишен извештај.

ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО Скопје има воспоставено Рамка за признавање и одговорност (Recognition and Accountability Framework) и дисциплински политики и механизми кои промовираат усогласеност со политиките и процесите за независност, и кои бараат пријавување и адресирање на сите прекршувања на барањата за независност.

Ова би вклучувало дискусија со одборот за ревизија на клиентот за природата на прекршокот, проценка на влијанието на прекршокот врз независноста на PwC фирмата и тимот за ревизија, како и потребата од акции или заштитни мерки за одржување на објективноста. Иако повеќето пробиви се мали и се должат на пропуст, сите прекршоци се сфаќаат сериозно и се истражуваат како што е соодветно. Фирмата PwC исто така ги следи дополнителните локални барања поврзани со пријавување на прекршоци. Истрагите за било какви идентификувани прекршувања на политики за независност исто така служат за идентификување на потребата од подобрувања во системите и процесите на ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО Скопје, како и за дополнителни насоки и обуки.

### Ротација на клучни партнери и клучни вработени во ревизијата

Во однос на ревизија на субјект од јавен интерес, поединец не смее да биде клучен партнер (Key Audit Partner - KAP) за ревизија повеќе од седум години. По тој период, лицето нема да биде член на тимот за ревизија или клучен партнер (Key Audit Partner - KAP) за клиентот две години. Во тој период, лицето нема да учествува во ревизијата на субјектот, да обезбедува контрола на квалитетот на ангажманот, да се консултира со тимот за ангажман или клиентот за технички или индустриски специфични прашања, трансакции или настани, ниту пак директно да влијае на исходот од ангажманот.

Иста политика важи и за овластениот законски ревизор вклучена на ангажманот. Фирмата членка воспостави соодветен механизам за постепена ротација во однос на најискусниот персонал вклучен во законската ревизија, вклучувајќи ги барем лицата регистрирани како законски/овластени ревизори. Механизмот на постепена ротација се применува во фази врз основа на поединци, а не на целиот тим за ангажманот.



# Проверки при прифаќање на ревизорски ангажман

Нашите принципи за одлучување дали да прифатиме нов клиент или да продолжиме да служиме постоечки клиент се основни за обезбедување квалитет, за кој веруваме дека оди рака под рака со нашата цел да изградиме доверба во општеството. Имаме воспоставено политики и процедури за прифаќање на односи со клиенти и ревизорски ангажмани, кои разгледуваат дали сме компетентни да го извршиме ангажманот и дали имаме потребни способности, вклучувајќи време и ресурси, дали можеме да ги исполниме релевантните етички барања, вклучувајќи независност, и дали соодветно сме го разгледале интегритетот на клиентот. Ги преиспитуваме овие размислувања при одлучувањето дали треба да продолжиме со ангажманот со клиентите и да имаме политики и процедури поврзани со повлекување од ангажман или однос со клиент кога е потребно. Политиките и процесите што ги имаме ги нагласуваат ризичните и квалитетните аспекти, така што финансиските и оперативните приоритети не водат до несоодветни проценки дали да се прифати или продолжи со клиентскиот однос да се продолжи.

## Прифаќање и продолжување на ангажмани со клиентите

ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО Скопје има воспоставено процес за идентификување на прифатливи клиенти врз основа на сопствените системи за поддршка на одлуки на мрежата на PwC за прифаќање и задржување на клиентите за ревизија, наречен Risk & Independence Module во Salesforce ("Прифаќање"). Прифаќањето го овозможува утврдувањето од страна на ревизорските тимови, специјалистите за управување со деловно работење и управување со ризици дали ризиците поврзани со постоечки клиент или потенцијален клиент можат да се управуваат и дали PwC треба да биде поврзан со одреден клиент и неговото раководство.

Поконкретно, овој систем овозможува:

### Ревизорскиот тим:

- Да го документираат нивното разгледување на работите што ги бараат професионалните стандарди во врска со прифаќањето и продолжувањето на ангажманот со клиентот;
- Да се идентификуваат и документираат прашањата или факторите на ризик и нивното решавање, на пример преку консултација, со прилагодување на планот за ресурси или ревизорскиот пристап, воведување други заштитни мерки за ублажување на идентификуваните ризици или одбивање на извршување на ангажманот; и
- Да се олесни проценката на ризиците поврзани со прифаќање или продолжување со ангажманот со клиентот.

### PwC фирми (вклучувајќи го раководството на PwC и управување со ризик ):

- Да се олесни проценката на ризиците поврзани со прифаќање или продолжување со клиенти и ангажмани;
- Да се обезбеди преглед на ризиците поврзани со прифаќање или продолжување со ангажманот со клиентот низ портфолиото на клиенти; и
- Да се разбере методологијата, основата и минималните размислувања што ги применија сите други PwC фирми-членки во мрежата при проценка на прифаќањето и континуитетот на ревизијата.

4

# Нашите вработени

Порака од раководството | Нашиот пристап кон квалитетот | Култура и вредности | Нашите вработени | Нашиот пристап | Мониторинг | PwC Мрежа | Правна и управувачка структура

# Нашите вработени

## Стратегија за луѓе

Фокусирани сме на тоа да бидеме светски лидери во развивање на таленти и да им овозможиме на нашите вработени поголема агилност и самодоверба во светот кој брзо се менува. Специфичните области на фокус вклучуваат создавање отпорна основа за времиња на промени преку поддршка на благосостојбата на нашите вработени и овозможување ефективна испорака; развивање инклузивни лидери за променлив свет; и подготвување на нашите вработени за денешната реалност и можностите во иднина.

## The PwC Professional

PwC Professional е рамка на однесувања што очекуваме од сите наши вработени, на сите нивоа на работна позиција, кои треба да демонстрираат професионалност едни со други, како и со нашите клиенти и други засегнати страни. Кога се фокусираме на однесувањата, создаваме можности за градење доверба и ги поттикнуваме на нашите тимови да испорачаат уникатни резултати кои не прават различни од другите. Вака градиме доверба во општеството и решаваме важни проблеми.

## Мерки за квалитет на ревизија

- Просечна стапка на задржување на вработените
- Партнерски и менаџерски часови во однос на вкупниот ангажман
- Мерење на управување со проектот/фазите на ревизијата, на пример, реална употреба во однос на планираните и реалните спрема буџетираните часови на крајот од периодот.

*мерките се прикажани на страна 8 и 9



## Инклузија и различност

Во PwC, ние сме организација која поттикнува култура на припадност и еднаквост каде нашата разновидна работна сила може да напредува и да се чувствува како да припаѓа. Ова го правиме преку испорака на нашата стратегија Inclusion First, која е фокусирана на застапување, акција и одговорност во секоја од нашите членки во целата мрежа на PwC.

Ги прифаќаме и охрабруваме разликите и им помагаме на нашите луѓе активно да ги развијат вештините за работа и инклузивно водење, со фокус на родова еднаквост, инклузија на лица со попреченост, ЛГБТ+ инклузија и социјална инклузија. Поддршката на ова е да се осигураме дека нашите системи и однесувања се инклузивни.

## Регрутација

ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО Скопје има за цел да регрутира, обучи, развива и задржи најдобри и најталентирани вработени кои го делат силното чувство на одговорност кое го има фирмата за обезбедување висококвалитетни услуги. Нашите стандарди за вработување вклучуваат структуриран процес на интервју со прашања базирани на однесување изградени од рамката на PwC Professional, проценка на академски записи и проверки на позадината. Во текот на 2025 година во нашата фирма, регрутиравме повеќе од 28 нови вработени, вклучувајќи повеќе од 18 нови соработници.

## Избор на тим, искуство и надзор

Нашите ревизорски ангажмани се составени врз основа на експертиза, способности и години искуство. Лидерите на ангажманите го одредуваат степенот на насока, надзор и проверка на поновите вработени.

## Повратни информаци (Feedback) и континуиран развој

Членовите на нашиот тим добиваат повратни информации за нивните севкупни перформанси, вклучувајќи фактори поврзани со квалитетот на ревизијата, како што е техничко знаење, ревизорски вештини и професионален скептицизам. Квалитетот на ревизијата е важен фактор при евалуација на перформансите и одлуките за напредок во кариерата и за нашите партнери и за вработените. Повратните информации за перформансите и напредокот се собираат преку нашата глобална алатка Feedback Exchange за размена на повратни информации, едноставна технологија овозможена за мобилни уреди. Постојаните разговори за повратни информации им помагаат на нашите вработени побрзо да растат и учат, да се прилагодат на нови и сложени средини и да го дадат најдоброто од себе за нашите клиенти и фирми.

## Напредок во кариерата

ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО Скопје го користи The PwC Professional, нашата глобална рамка за напредок во кариерата, која поставува јасни очекувања за сите вработени низ пет клучни димензии. Рамката ги поддржува сите елементи на развојот на кариерата и им помага на нашите вработени да се развијат во добро оформени професионалци и лидери со способности и самодоверба да произведуваат висококвалитетна работа, да испорачаат ефикасно и ефективно искуство за нашите клиенти, да ја извршуваат нашата стратегија и да го поддржат нашиот бренд. Како дел од рамката, поединците редовно се среќаваат со нивниот лидер на тим за да разговараат за нивниот развој, напредок и перформанси.

## Задржување

Стапката на промена на работното место во јавната сметководствена професија често е голема затоа што со промената на сметководствените стандарди и регулативи, сметководителите се барани, а развојот и искуството што го нудиме ги прави нашите вработени многу барани на надворешниот пазар. Стапката на промена на работното место релевантна на друштвото зависи од многу фактори, вклучувајќи ја и целокупната побарувачка на пазарот на таленти.

## Глобална анкета на нашите вработени

Секоја PwC фирма учествува во годишната Глобална анкета за нашите вработени, која се спроведува низ целата мрежа до сите наши партнери и вработени. ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО Скопје е одговорна за анализа и комуникација на резултатите на локално ниво, заедно со јасно дефинирани активности за решавање на повратните информации.

- Индекс на ангажираност на вработените (PEI) - 85%
- Индекс за намера да остане - 84%
- Индекс на квалитетно однесување (QBI) - 86%
- Раст и развој фокусиран на иднината - "Имам можност да развијам и применам нови вештини".

  Глобална анкета за вработени 2025 - 88%
- Повратни информации и континуиран развој - "Лидерите со кои работам ми даваат редовни повратни информации и обука за моите перформанси".

  Глобална анкета за вработени 2025 - 85%

# Учење и образование

## Професионален развој

Посветени сме да ги ставиме вистинските вработени на вистинското место во вистинско време. Во текот на кариерите на нашите вработени, им се нудат можности за развој на кариерата, учење во реална или виртуелна училница, учење по барање, како и тренинг/развој на работното место во реално време. Нашето флексибилно портфолио за обука овозможува персонализирано учење со пристап до различни едукативни материјали, вклучувајќи вебкасти, подкасти, статии, видеа и курсеви.

Постигнувањето професионална квалификација ја поддржува посветеноста на нашата фирма кон квалитет, преку примена на конзистентни стандарди за испитување и сертификација.
Нашата цел е да им обезбедиме на нашите вработени поиндивидуализиран пат кон унапредување и да ги поддржиме во одредувањето приоритети и поефикасно управување со своето време при подготовката на стручните испити. Обезбедувањето на способноста на нашите луѓе да ги исполнат нивните професионални и лични обврски е клучна компонента на стратегијата за искуство и задржување на нашите вработени.

### Континуирана едукација на законските ревизори

Раководството на ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО Скопје изјавува дека нашите овластени ревизори се целосно вклучени во програмата за продолжување на образованието на фирмата. Покрај учеството во тековната внатрешно дизајнирана обука, од нашите овластени ревизори се бара да учествуваат и на годишната задолжителна обука организирана од Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија, која опфаќа обука за ревизија и сметководство и трае 40 часа.

## Мерки за квалитет на ревизија

- Просечни часови за обука по ревизор
- Задолжително присуство на обука

**мерките се презентирани на страна 9 и 10*

## Континуирано образование

Ние, заедно со другите PwC фирми, сме посветени на обезбедување висококвалитетни услуги за уверување на глобално ниво. Со цел да се постигне поголема конзистентност низ мрежата, формалните наставни програми, развиени на ниво на PwC мрежата, обезбедуваат пристап до материјали за обука кои го опфаќаат ревизорскиот пристап и алатките на PwC, како и клучните области на ревизорски ризик и приоритетните области за подобрување на квалитетот.
Ова формално учење се реализира со употреба на мешавина на пристапи, кои вклучуваат далечински пристап, учење во училница и поддршка на работното место. Наставните програми ја поддржуваат нашата примарна цел за обука за квалитетот на ревизијата, истовремено обезбедувајќи им можност на вработените да ги зајакнат своите технички и професионални вештини, вклучително и професионално расудување при примена на скептичен начин на размислување.

Дизајнот на наставната програма ни овозможува, врз основа на локалните потреби, да одлучиме кога ќе се спроведе обуката. Потоа, нашиот лидер за учење и образование разгледува каква дополнителна обука е соодветна — формална и/или неформална — со цел да се одговори на дополнителните специфични локални потреби.
PwC Ревизија ДОО Скопје користи програми за обука од PwC мрежата (на пример, обука за GAQ-CRS за МСФИ) и надворешни обуки ( КПУ - за овластени ревизори).

### Нашето инвестирање во тренинзи за вработените

**Тренинг за ревизија за финансиската 2024 година**

Просечни часови посетувани од партнери и вработени

| 4.086 Виртуелни тренинзи | 2.578 Тренинзи во училница | 6.654 Вкупно |
|---|---|---|

**Вкупно посетени часови 6.654**

**Тренинг за ревизија за финансиската 2025 година**

Просечни часови посетувани од партнери и вработени

| 5.408 Виртуелни тренинзи | 4.036 Тренинзи во училница | 9.444 Вкупно |
|---|---|---|

**Вкупно посетени часови 9.444**

**Задолжително присуство на тренинг**

100%

од партнерите и вработените ги имаат завршено сите задолжителни тренинзи во 2025 година

5

# Нашиот пристап

# Нашиот пристап

Како член на PwC мрежата, ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО Скопје има пристап и ја користи PwC ревизорската методологија, која претставува заедничка методологија и процес за ревизија. Оваа методологија се базира на Меѓународните стандарди за ревизија (МСР), со дополнителни политики и насоки од PwC каде што е соодветно. Политиките и процедурите на PwC ревизијата се дизајнирани да овозможат ревизии спроведени во согласност со сите барања на МСР кои се релевантни за секоја индивидуална ревизорска акција. Нашата заедничка методологија за ревизија обезбедува рамка за да им овозможи на фирмите членки на PwC доследно да се усогласат од сите аспекти со применливите професионални стандарди, регулативи и законски барања.

Методологијата е исто така усогласена со Стандардите за ревизија објавени во Службениот весник на Република Северна Македонија (273/2024) (SAs) и Меѓународниот кодекс на етика за професионални сметководители (вклучувајќи ги и меѓународните стандарди за независност) издаден од Меѓународниот одбор за етички стандарди за сметководители, како што е објавен во Службениот весник на Република Северна Македонија (273/2024) (Кодекс на етика).



# Алатки и технологии за поддршка на нашата ревизија

## Нашата технологија

**Aura**, е нашата глобална платформа за документирање на ревизијата која се користи низ целата PwC мрежа. Aura помага да се управува со тоа како ги градиме и извршуваме нашите планови за ревизија  преку поддршка на тимовите во ефективната примена на нашата методологија, создавајќи транспарентна врска помеѓу ризиците, потребните процедури, контроли и работата извршена за справување со тие ризици, како и обезбедување сеопфатни насоки и способности за управување со проекти. Таргетираните ревизорски планови ги специфицираат нивоата на ризик, потпирањето на контролите и суштинското тестирање. Контролните табли односно таблите за мониторинг во реално време покажуваат дека тимовите побрзо го ревидираат напредокот и влијанието врз делокругот на ревизијата.

**Connect** е нашата платформа за соработка која им овозможува на клиентите брзо и безбедно да споделуваат ревизорски документи. Connect исто така го олеснува товарот на следење на статусот на доставувањето на документите и го решава проблемот преку автоматско означување и следење на отворените ставки и проблеми идентификувани во процесот на ревизија кои бараат повеќе внимание и итно решавање. Клиентите имаат увид и на прилагодувањата на ревизијата, недостатоците во контролата и напредокот на законската ревизија во реално време и во секоја фаза од ревизијата.

**Connect Audit  Manager** ја поедноставува, стандардизира и автоматизира координацијата помеѓу групните и компонентните тимови за повеќелокациски и законски/регулаторни ревизии. Преку платформата е овозможен целосен преглед на влезната и излезната работа, како и целосна дигитализација на процесот на координација, што придонесува за поголема транспарентност, усогласеност и квалитет при спроведување на сложени ревизии на повеќе локации.

**Instructions tool** го автоматизира и стандардизира создавањето на инструкции помеѓу фирмите на PwC (interoffice instruction) врз основа на известувањето и на специфичните барања за ангажманот.

**Halo,** нашите алатки за ревизија на податоци, обработуваат големи количини податоци, анализирајќи цели популации за подобрување на проценката, анализата и тестирањето на ризикот. На пример, Halo for Journals овозможува идентификација на релевантни списанија врз основа на дефинирани критериуми што им дава на тимовите можност за истражување и визуелизирање на податоците преку идентификување на записите во списанието на клиентите и подетална анализа за почеток на процесот на тестирање.

**Count,** го олеснува процесот на броење на залихи и им овозможува на тимовите да креираат и управуваат со процедури за броење, при што бројачите можат директно да ги евидентираат резултатите преку мобилен уред или таблет, а тимовите на ангажманите да ги пренесуваат конечните резултати во Aura.

**PwC Confirmations**, нашата глобална, безбедна, веб-базирана платформа за потврда на салда која обезбедува насоки за подготовка, испраќање, следење и примање електронски и хартиени одговори за нашите ревизори и на третите страни кои потврдуваат. Платформата има контролна табла која содржи приказ и служи за ажурирање на статусот. Порталот Confirmer на корисниците им овозможува лесно користење и обезбедување одговори.

**Halo Platform** им овозможува на нашите тимови преку една централна локација, да извлекуваат, обработуваат и складираат податоци. Притоа може да го следат статусот на внесени податоци и да ги користат добиените податоци за различни примени во текот на ревизијата.

**Halo for Crypto** го поддржува тимот за ангажман во обезбедувањето на доволни и соодветни ревизорски докази за салдата и трансакциите поврзани со крипто-средства. Решението Halo обезбедува суштински докази за да се утврди дека субјектот има пристап до дигиталните паричници кои содржат трансакции и салда со крипто-средства. Апликацијата овозможува безбедно извлекување на блокчејн-трансакции од јавни адреси, со цел независно и сигурно прибирање на потврдувачки информации за блокчејн-трансакциите и салдата.

**Асистираната проверка на откривање** им овозможува на корисниците да ги усогласат барањата за обелоденување (листа за проверка/чек- листа) со обелоденувањата во финансиските извештаи на ентитетот, вклучувајќи ги основните извештаи и поврзаните белешки.

## Нашата ревизија од иднината

Како дел од нашата посветеност кон градење доверба и обезбедување одржливи резултати, PwC мрежата инвестира во развој на нова глобална платформа за ревизија, која ќе ја поддржи следната генерација на ревизорски услуги и со текот на времето, ќе ги замени постојните наследени технологии, како што се Aura и Connect. Преку истражување и инвестирање во нови технологии, како и редефинирање на основните ревизорски процеси, PwC дополнително ќе ја стандардизира, поедностави, централизира и автоматизира ревизорската работа. Оваа инвестиција ќе ја забрза тековната иновација и ќе ни овозможи поефикасно да одговориме на променливите потреби на засегнатите страни, искористувајќи нови технологии, вклучително и генеративна вештачка интелигенција (ВИ), и обезбедувајќи трансформирано ревизорско искуство со фокус на континуирано подобрување на квалитетот. Визијата на PwC за Next Generation Audit (NGA) е да обезбеди ефективни, доверливи и независни ревизорски услуги и увид во финансиски и нефинансиски информации, со цел градење доверба во она што е значајно за нашите засегнати страни. Како што PwC продолжува со имплементацијата на програмата за ревизија од следната генерација, нови функционалности ќе се воведуваат на континуирана основа, со цел понатамошно унапредување на квалитетот и целокупното ревизорско искуство.

Во рамки на PwC мрежата беа направени значајни инвестиции во генеративна вештачка интелигенција, со цел да се преосмисли начинот на кој понатаму ги поддржуваме и овозможуваме нашите луѓе преку искористување на потенцијалот на вештачката интелигенција. Фокусирани сме на промовирање култура за одговорна употреба на вештачката интелигенција, истовремено поттикнувајќи тековен интерес и брз развој на потенцијални случаи на употреба, вклучително и на генеративната вештачка интелигенција.

## Доверливост и ревизија на ревизорските технологии

Нашата фирма дизајнираше и имплементираше процеси и контроли за да ја поддржи сигурноста на овие ревизорски технологии. Ова вклучува појаснување на улогите и одговорностите на сопствениците и корисниците на технологијата за ревизија. Дополнително, имаме процеси фокусирани на доволноста на ревизорската документација вклучена во работните документи поврзани со употребата на овие ревизорски технологии, вклучувајќи разгледување на веродостојноста на решението и документацијата потребна за да му помогне на оној кој ја прегледува документацијата, да може да ги исполни своите насоки, надзор и одговорности за преглед како дел од нормалниот тек на ревизијата.

## Доверливост и безбедност на информациите

### Доверливост и безбедност на информациите

Доверливоста и безбедноста на информациите се клучни елементи на нашата професионална одговорност. Злоупотребата или губењето на доверливи информации или лични податоци од клиенти може да ја изложи фирмата на правни постапки, а исто така може негативно да влијае на нашата репутација. Заштитата на доверливи и лични податоци ја сфаќаме многу сериозно.

Нашиот фокус на клиентите бара соработлив и проактивен пристап кон намалување на ризиците поврзани со безбедноста, приватноста и доверливоста, преку значителни инвестиции во соодветни контроли и надзор, со цел да се обезбеди ефективен заштитен модел. Овој модел ни овозможува да ја зајакнеме нашата рамка за безбедност на информациите, да се усогласиме со добрите деловни практики во индустријата и дополнително да ја унапредиме нашата рамка за внатрешна контрола.

### Приватност на податоци

Фирмата одржува стабилен и конзистентен пристап кон управувањето со сите лични податоци, при што секој во нашата организација има улога во заштитата на личните податоци. Го надградивме нашиот обемен GDPR-програм за усогласеност и сме посветени на вградување на добрите практики за управување со податоци низ целиот наш бизнис.

### Безбедност на информации

Информациската безбедност е високо на листата на приоритети за PwC мрежата. Нашата фирма е одговорна пред нашите вработени, клиенти, добавувачи и други засегнати страни за заштита на информациите што ни се доверени. Неуспехот да се заштитат информациите може потенцијално да им наштети на лицата чии информации ги поседува нашата фирма, да ја доведе фирмата до регулаторни санкции или да доведе до други финансиски загуби, и да влијае на репутацијата и брендот на PwC. Како таква, нашата фирма се придржува до Политиката за безбедност на информациите која ги дефинира минималните безбедносни барања за сите PwC фирми.



# Поддршка на перформансите на ангажманот

### Еволутивен модел на испорака

Продолжуваме да го развиваме начинот на кој ги испорачуваме нашите услуги, така што нашите вработени им овозможуваат на нашите клиенти уште подобро искуство, дополнително го подобруваат квалитетот на она што го работиме и создаваме економски капацитет за инвестирање во иднина. Користиме центри за испорака за да ги поедноставиме, стандардизираме, автоматизираме и централизираме делови од ревизијата.

### Насока, обука и надзор

Лидерите за ангажманите и искусните членови на тимовите се одговорни за обезбедување квалитетен тренинг во текот на целата ревизија и надзор на работата што ја извршуваат помладите членови на тимот, одговорни се и да го менторираат тимот и одржуваат квалитет на ревизијата. Тимовите користат Aura која има функции за ефикасно следење на напредокот на ангажманот како би добиле сигурност дека целата работа е завршена и прегледана од релевантни лица, вклучувајќи го и Лидерот на ангажманот.

### Култура за консултации

Консултациите се клучни за обезбедување квалитет на ревизијата. Имаме формални протоколи за задолжителни консултации, со цел осигурување на квалитетот. На пример, нашите ревизорски тимови се консултираат со соодветни групи во области како што се даноци, ризик, проценка, актуарски и други специјалности, како и со поединци во рамките на нашата регионална функција за ризик и квалитет.

### Управување со ризик и квалитет – техничка функција

Раководството одговорно за управување со ризик и квалитет вклучува специјалисти во областа на сметководството, ревизијата и финансиското известување. Овие специјалисти имаат клучна улога во одржувањето и ажурирањето на нашите политики во овие области, преку следење на новите законски и професионални барања за сметководство и ревизија, како и преку навремена комуникација и споделување на релевантните информации со вработените.

### Разлики во мислењата

Постојат протоколи за решавање на ситуации кога се јавува разлика во мислењата помеѓу Лидерот на ангажманот и/или EQCR, друг партнер за осигурување или централни функции, како што се Ревизорските услуги или Групата за сметководствени консултантски услуги. Овие протоколи вклучуваат користење на технички панели составени од партнери кои се независни од ангажманот.

6

# Мониторинг

# Мониторинг

## Мониторинг на квалитетот на ревизијата

Препознаваме дека квалитетот на ревизорските услуги што им го обезбедуваме на клиентите е од клучно значење за одржување на довербата на инвеститорите и другите засегнати страни во интегритетот на нашата работа. Тоа е клучен елемент во нашата ревизорска стратегија.

Одговорноста за соодветно управување со квалитетот лежи во раководството на ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО Скопје. Ова вклучува дизајн и работа на ефикасен систем на контрола на квалитет (SoQM) кој ги зема во предвид нашите специфични ризици за обезбедување квалитетни ревизорски ангажмани, користејќи ја нашата рамка за управување со квалитет на мрежата (QMSE).

Општата цел за квалитет според QMSE рамката е да ги имаме потребните капацитети во нашата фирма и да ги ангажираме нашите вработени, доследно да ги користат нашите методологии, процеси и технологии во обезбедувањето на ревизорски услуги на ефективен и ефикасен начин, за да ги исполнат очекувањата на нашите клиенти и другите засегнати страни.

Мониторингот на нашата фирма вклучува континуирана проценка на квалитетот со цел да се процени дали политиките и процедурите кои го сочинуваат нашиот систем за контрола на квалитет (SoQM) се соодветно дизајнирани и ефективно функционираат за да обезбедат разумно уверување дека нашите ревизорски, неревизорски и останати услуги се извршуваат во согласност со законите, регулативите и професионалните стандарди (познати и како наш континуиран мониторинг). Ова вклучува и користење на програмата за ревизија во реално време (Real-Time Assurance).

## Мерки за квалитет на ревизијата

- Вкупен број на направени проверки на усогласеност на ангажманите (ECRs)
- Број на направени проверки на усогласеност (ECR) оценети како Усогласени, Усогласени со Потребно подобрување, Неусогласени
- Проверки на усогласеност на ангажманите (ECR) оценети како Усогласени, Усогласени со Потребно подобрување, Неусогласени поврзани со вкупниот број на ECR (%)
- Повторно прикажување на финансиски извештаи кои вклучуваат ревизии на друштва од јавен интерес поради материјални грешки
- Фреквенција и влијание на сметководствени грешки (кои може да не резултираат со повторно прикажување)

**мерките се презентирани на страна 9 и 10*

## Цел да се спречи: Осигурување На квалитетот во реално време

Развивме програма за осигурување на квалитет во реално време (Real-Time Assurance - RTA) дизајнирана да обезбеди превентивно следење на квалитетот кое им помага на ревизорските тимови на ангажманите да ја завршат "правилната работа" во реално време, односно за време на извршување на ревизијата.

Осигурување на квалитет во реално време (Real-Time Assurance - RTA) програмата е организирана централно на ниво на ЦИЕ (CEE), вклучувајќи ги сите територии во процесот на селекција, со цел да ги прегледа и ангажманите со повисок ризик, како и сите потписници, на редовна основа.

Прегледот го спроведува група посветени и високо искусни тимови од RTA групата, под надзор на Главниот директор за квалитет на ЦИЕ (CEE).

Програмата за преглед има двостепена структура, вклучувајќи ангажмани со целосен преглед, покривајќи ги сите фази на ревизија, како и прегледи насочени кон специфични области на ревизија, вклучувајќи ги новите стандарди или области со поголема комплексност или ризик.

Повторливите наоди и оние кои по својата природа се значајни се соопштуваат како потсетник до целата практика, од страна на тимот задолжен за методологија и се објавуваат на форумите за ризик и квалитет на териториjално и регионално ниво.

## Прегледи на контролата на квалитет на ревизијата – внатрешна контрола




*2025 – преглед на еден ангажман;
*2024 – преглед на еден ангажман;
*2023 – преглед на еден ангажман;

- Задоволително
- Задоволително со потребното подобрување
- Незадоволително

## Корекции

**0** Број на финансиски извештаи со корекции поради материјални грешки кои вклучуваат ревизии на ентитети од јавен интерес

# Мониторинг

Покрај тековното следење наведено погоре, нашето следење вклучува и периодична проценка на нашиот систем за управување со квалитет (SoQM), што вклучува преглед на завршени ангажмани (Engagement Compliance Reviews ECR), како и периодично следење на нашиот систем управување со квалитет (SoQM) од независен тим во нашата фирма. Резултатите од овие процедури, заедно со нашето континуирано следење, ја формираат основата за континуирано подобрување на нашиот систем за управување со квалитет (SoQM). ECR се спроведуваат како дел од програмата за преглед на ниво на нашата мрежа заснована на професионални стандарди и методологија за ревизија на PwC.

ECR (Engagement Compliance Reviews) се прегледи фокусирани на ризик на завршени ангажмани, кои периодично вклучуваат поединци во нашата фирма кои се овластени да потпишуваат ревизорски извештаи, неревизорски проекти или извештаи за други поврзани услуги. Прегледот проценува дали ангажманот бил извршен во согласност со упатствата за ревизија на PwC, применливите професионални стандарди и други применливи политики и процедури поврзани со ангажманот. Секој потписник се прегледува најмалку еднаш на секои пет години, освен ако не е потребна почеста проверка врз основа на профилот на клиентските ангажмани на потписникот или поради локални регулаторни барања.

Прегледите ги водат искусни партнери за ревизија, поддржани од независни тимови на партнери, директори, менаџери и други специјалисти. Рецензентите на ECR може да бидат ангажирани од други PwC фирми доколку е потребно за да се обезбеди соодветна експертиза или објективност. Тимовите за преглед добиваат обука за поддршка во исполнувањето на своите одговорности и користат низа контролни листи и алатки развиени на мрежно ниво при спроведување на проверките. Тимот за проверка на мрежата ги поддржува останатите тимовите за преглед преку надгледување на доследна примена на упатства за класификација на наодите од ангажманот. Овој пристап е применлив и присутен низ целата PwC мрежа.

## Прегледи на контролата на квалитет на ревизијата – надворешна контрола

Предмет на контролата на квалитет беа 3 (три) ревизорски ангажмани, како и системот за квалитетот на фирмата, за фискалната година што заврши на 31 декември 2024 година. Во моментот контролата е во завршна фаза (изготвување на финален извештај). Согласно досегашните комуникации, 3-те ангажмани како и системот за контрола на квалитет на фирмата, се оценети како „задоволителни“.




## Мерки за квалитет на ревизијата

- Вкупен број на прегледи на ангажмани од надворешни контроли
- Број на прегледи на PCAOB ангажмани (ако е релевантно)
- Број на прегледи на ангажмани од други надворешни контроли што резултираат со неусогласеност

*мерките се презентирани на страна 8 и 9*

# Мониторинг

Дополнително, мрежата на PwC спроведува периодични прегледи за евалуација на одредени елементи од системот за контрола на квалитет (SoQM) на PwC фирмите. Мрежата исто така ја разгледува сопствената проценка на раководството на PwC за ефикасноста на систем за управување со квалитет и нивната проценка дали вкупната цел за квалитет е постигната.

За резултатите од сите контроли е информиран менаџментот на нашата фирма, кој е одговорен за анализа на резултатите и наодите од контролата идентификувани од сите извори на информации, за навремена анализа на причините и за спроведување на корективни мерки кога е потребно. Во ситуации каде што се идентификуваат проблеми со квалитет на ангажманот, врз основа на природата и околностите на проблемите, одговорниот лидер на ангажманите или раководителот на секторот за ревизија на нашата фирма може да бидат предмет на дополнително менторство, обука или дополнителни санкции согласно Рамката за признавање и одговорност на нашата фирма (Recognition and Accountability Framework-„RAF“).

Лидерите на ангажманите во нашиот ревизорски сектор се информирани за резултатите од контролата на квалитетот спроведена од PwC мрежата, со цел да ја проценат соодветноста и обемот на потребните ревизорски активности, како и степенот на потпирање на работата извршена од PwC фирмите во рамки на ревизијата на консолидираните финансиски извештаи на одреден клиент.



## Учење: Анализа на причините

Вршиме анализи за да ги идентификуваме потенцијалните фактори кои придонесуваат за квалитетот на ревизорските услуги на нашата фирма, за да можеме постојано да преземеме мерки за подобрување. Нашите главни цели при спроведување на вакви анализи се да разбереме што нашите наоди ни кажуваат за нашиот систем за контрола на квалитет (SoQM) и да идентификуваме како нашата фирма може да обезбеди ефективна средина за нашите ревизори да спроведат квалитетни ревизии. Ги разгледуваме наодите за квалитет од сите извори, вклучувајќи го нашето сопствено континуирано следење на системот за контрола на квалитет (SoQM), како и контролите на SoQM спроведени од PwC мрежата, ревизии со и без идентификувани недостатоци – без разлика дали тие се утврдени преку нашите внатрешни контроли или преку надворешни контроли. Дополнително, ги земаме предвид и другите релевантни информации, како што се резултатите од Глобалната анкета за вработените, корекциите на финансиските извештаи и идентификуваните сметководствени грешки, со цел да се помогне во идентификувањето на потенцијални отстапувања и можности за учење.

За поединечни ревизорски ангажмани, објективен тим врши анализа на коренските причини (root cause analysis) со цел да ги идентификува факторите кои придонесуваат за квалитетот на ревизијата. Во рамки на оваа анализа се разгледуваат фактори поврзани со техничката компетентност, надзорот и прегледот на ангажманот, примената на професионален скептицизам, како и соодветноста и достапноста на ресурсите, вклучително и обуката. Идентификувањето на потенцијалните причинско-последични фактори се врши преку евалуација на релевантни информации за ангажманот, спроведување интервјуа и преглед на избрани работни документи за ревизија, со цел подобро разбирање на факторите кои влијаеле или можеби влијаеле врз постигнувањето на целите за квалитет на ревизијата.

Дополнително, податоците собрани за ревизорски проекти со и без наоди на ниво на ангажман се споредуваат за да се утврди дали одредени фактори се поврзани со квалитетот на ревизијата.

Нашата цел е да разбереме како квалитетните ревизии може да се разликуваат од оние ревизии каде се идентификувани наоди на ниво на ангажман и да го процениме и искористиме тоа знаење за постојано подобрување на сите наши ревизорски ангажмани. Ги оценуваме резултатите од овие анализи за да утврдиме кои подобрувања би можеле да бидат корисни за целиот ревизорски сектор. Сметаме дека овие анализи значително придонесуваат за континуирана ефективност на нашето управување со квалитетот.

Анализата на причините (root cause analysis) се спроведува не само врз основа на резултатите од надворешните контроли (првенствено регулаторни, доколку се применливи во дадената година), туку и врз основа на внатрешните контроли на завршените ревизорски ангажмани. Дополнително, спроведуваме анализа на причините идентификувани при ревизии во реално време, како и при тестирањето на нашиот систем за управување со квалитет (SoQM). Раководството на одделот за ревизија е одговорно за навремено ажурирање на упатствата, комуникацијата, обуката и другите релевантни мерки, со цел да се спречи повторување на ваквите прашања во иднина.

7

# PwC Мрежа

# PwC мрежа

## PricewaterhouseCoopers International Limited

PwC е брендот под кој работат и обезбедуваат професионални услуги членките на ПрајсвотерхаусКуперс Интернешнл Лимитед (PwCIL). Заедно, овие фирми ја формираат мрежата на PwC. 'PwC' често се користи и се однесува или на поединечни фирми во мрежата на PwC или на неколку или сите заедно.

Во многу делови од светот, сметководствените фирми според закон се обврзани да бидат во локална сопственост и да се независни. Иако регулаторните ставови по ова прашање се менуваат, фирмите членки на PwC не функционираат и моментално не можат да функционираат како корпоративни мултинационални компании. Мрежата на PwC не е глобално партнерство, една фирма или мултинационална корпорација.

Поради овие причини, мрежата на PwC се состои од фирми кои се одделни правни субјекти. Фирмите што ја сочинуваат мрежата се посветени на соработка за обезбедување квалитетни услуги за клиенти ширум светот. Фирмите во мрежата на PwC се членки или имаат други врски со ПрајсвотерхаусКуперс Интернешнл Лимитед (PricewaterhouseCoopers International Limited - PwCIL), англиска приватна компанија. PwCIL не практикува сметководство и не обезбедува услуги на клиенти. Наместо тоа, неговата цел е да се олесни координацијата меѓу фирмите членки во мрежата на PwC. Фокусирајќи се на клучни области како стратегија, бренд и ризик и квалитет, Тимот за лидерство на мрежата и Одборот на PwCIL координираат развој и имплементација на политики и иницијативи за постигнување заеднички и координиран пристап меѓу поединечните PwC фирми каде што е соодветно. Членките на PwCIL можат да го користат името PwC и ресурсите и методологиите на PwC мрежата. Дополнително, членките можат да побараат ресурси од други членки и/или да обезбедат обезбедување професионални услуги од други членки и/или други субјекти. Во замена, членките се обврзани да се придржуваат до одредени заеднички политики и да ги одржуваат стандардите на мрежата на PwC како што ги предлага PwCIL.

Мрежата на PwC не е едно меѓународно партнерство и фирмите членки на PwC не се правни партнери меѓусебно. Многу од членските фирми имаат законски регистрирани имиња кои содржат "ПрајсвотерхаусКуперс"("PricewaterhouseCoopers"), но нема сопственост од PwCIL. Фирмата членка не може да дејствува како застапник на PwCIL или на која било друга членка, не може да го обврзе PwCIL или друга фирма членка, и е одговорна само за своите дејствија или пропусти, а не за оние на PwCIL или било која друга PwC фирма. Слично на тоа, PwCIL не може да дејствува како застапник на ниту една фирма членка, не може да обврзе ниту една фирма членка и е одговорна само за своите сопствени дејствија или пропусти.

## Органите на управување на PwCIL се:

**Глобален Одбор (Global Board),** кој е одговорен за управувањето со PwCIL, надгледување на работата на лидерскиот тим на мрежата, и одобрувањето на стандардите на мрежата. Одборот нема надворешна улога. Одборот се состои од избрани партнери од PwC фирми ширум светот и еден или повеќе надворешни независни директори. Ве молиме погледнете ја следната веб-страница на PwC Global за актуелните членови на Глобалниот одбор.

**Лидерски тим на мрежата (Network Leadership Team),** кој е одговорен за поставување на целокупната стратегија за мрежата на PwC и стандардите на кои PwC фирмите се согласуваат да се придржуваат.

**Стратешкиот совет (Strategy Council),** составен од лидерите на најголемите PwC фирми и региони на мрежата, се согласува за стратешката насока на мрежата и го олеснува усогласувањето за спроведување на стратегијата.

**Глобалниот тим за лидерство (Global Leadership Team),** кој е назначен од страна на Лидерскиот тим на мрежата и претседавачот на мрежата на PwC. Нејзините членови се одговорни за водење тимови составени од PwC фирми, со цел координација на активностите во сите области на нашиот бизнис.

Извршниот директор на ЦИЕ (CEE), Адам Красон, ја претставува PwC ЦИЕ (CEE) во Стратешкиот совет и ги одржува нашите односи со лидерскиот тим на мрежата.

8

# Правна и управувачка структура

# Регионот на Централна и Источна Европа

ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО Скопје соработува со други фирми на PwC од Централна и Источна Европа за да обезбеди услуги на локални и меѓународни клиенти кои работат во нашиот регион. PwC во Централна и Источна Европа е организирана како група за која PricewaterhouseCoopers Eastern Europe B.V. делува како холдинг компанија со акции во други субјекти. PricewaterhouseCoopers Eastern Europe B.V. припаѓа на PricewaterhouseCoopers EE Holdings BV. Акциите во PricewaterhouseCoopers EE Holdings BV се под контрола на Stichting PricewaterhouseCoopers EE (Холандска фондација) во администрација на 285 носители на депозиторски потврди, при што сите имаат еднакви права.

Оваа соработка е организирана преку раководен тим кој, покрај обезбедувањето на придржувањето на овие фирми кон политиките и процедурите на PwC Интернешнл, овозможува споделување на ресурси, спроведување на политики за управување со ризик и стандарди за квалитет.

Секоја национална PwC фирма има и своја структура на управување, во согласност со релевантните законски и оперативни барања. Оваа правна структура и мрежно уредување и дава на секоја фирма членка флексибилност и автономија да реагира брзо и ефикасно на условите на локалниот пазар. Исто така, тоа го одразува фактот дека регулаторните органи во некои земји му даваат право да работат како ревизори на национално базирани фирми каде локално квалификувани професионални ревизори (или во Европската Унија комбинација од ревизори и/или ревизорски фирми од ЕУ) имаат барем мнозинство сопственост и контрола.

Во Централна и Источна Европа се користи матричен систем на управување. Секој партнер гласа на секои 4 години за извршен директор на PwC ЦИЕ (CEE), кој формира Регионален управен одбор, во чиј состав влегуваат главните извршни и оперативни лидери од функционалните и бизнис линии. Регионалниот управен одбор е одговорен за дефинирање на општите цели во работењето и обезбедување усогласеност со политиките на PwC Интернешнл.

Политиките и целите на работење на секоја главна линија на услуги (сектор за ревизија, сектор за даночно, правно и сметководствено советување и консултантски услуги) се поставени од страна на тим за управување со соодветната бизнис линија.

Надзорот над работата на регионалниот Управен одбор се врши во име на партнерот преку избраниот Регионален совет на партнери, кој има блиска соработка со регионалните кластери и врши одобрување на клучните политики и одлуки што влијаат на сите партнери и фирми.



## Правна и управувачка структура на ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО Скопје

**Правна и управувачка структура на ПрасвотерауcКуперс Ревизија ДОО Скопје**

ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО Скопје е друштво со ограничена одговорност регистрирано на 3 март 2008 година со ЕМБС 6333370 и седиште на ул. Мирче Ацев бр.3, Гранд Бизнис Центар, 8-ми кат, 1000 Скопје, Република Северна Македонија.

ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО Скопје е членка на ПрајсвотерхаусКуперс Интернешнл Лимитед. Крајните сопственици се партнерите во фирмите членки на ПрајсвотерхаусКуперс.

Сопственичката структура, основната главнина и поединечното процентуално учество на содружниците се регистрирани во согласност со Законот за трговските друштва и се јавно достапни во Централниот регистар.

Основната главнина на ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО Скопје изнесува од 5.000 евра и се состои од следниве влогови на содружниците:

1. ПрајсвотерхаусКуперс ДООЕЛ Скопје - со влог од 2.450 евра или 49% учество во основната главнина;
2. Драган Давитков, овластен ревизор - со влог од 850 евра или 17% учество во основната главнина;
3. Симе Јовановски, овластен ревизор - со влог од 850 евра или 17% учество во основната главнина;
4. Александра Кузмановска, овластен ревизор - со влог од 850 евра или 17% учество во основната главнина.

# Правна и управувачка структура на ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО Скопје

## Правна структура и сопственост на ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО Скопје

Компанијата нема регистрирани подружници во земјата, додека во странство постои една регистрирана подружница со 100% учество во основната главнина.
- ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО Сараево, со седиште на ул. Фра Ангела Звиздовиќ 1, 71000 Сараево, Федерација БиХ.

Друштвото спаѓа во група на капитално поврзани субјекти во државата и во странство, со следната структура:
- Друштвото ПрајсвотерхаусКуперс ДООЕЛ Скопје, со седиште на улица Мирче Ацев бр.3, Гранд Бизнис Центар, 8ми кат, 1000 Скопје, Република Северна Македонија, поседува 49% од основната главнина на ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО Скопје.

Истата компанија ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДООЕЛ Скопје, поседува 100% од основната главнина на ПрајсвотерхаусКуперс Даночни и советодавни услуги ДОО Сараево, со седиште на ул. Фра Ангела Звиздовиќ 1, 71000 Сараево, Федерација БиХ и е подружница на ПрајсвотерхаусКуперс ДООЕЛ Скопје.

ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО Скопје е поврзана со Адвокатско друштво Папазоски и Мишев, регистрирана на 14 октомври 2015 година, со седиште на улица Мирче Ацев бр.3, Гранд Бизнис Центар, 8ми кат, 1000 Скопје, Република Северна Македонија, бидејќи и двата ентитети се членки на глобалната мрежа на ПрајсвотерхаусКуперс Интернешнл Лимитед.

Во правниот промет, Друштвото настапува во свое име и за своја сметка, а за своите обврски одговара со целиот свој имот и е одговорно за своите обврски со целата своја сопственост и средства. Главна приходна шифра на Друштвото е 69.20 - Сметководствени, книговодствени и ревизорски работи; даночно советување.

ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО Скопје е член на Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија, регистрирана под број ДР002 во регистарот на Институтот, лиценца за работа за вршење на работи за ревизија издадена од Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија со број 07-245 / 1 од 07 јуни 2013 година, со регистрациски број на лиценца 03.

Во согласност со Законот за ревизија и професионалните стандарди на PwC Групацијата, Друштвото има соодветна осигурителна полиса од Евроинс Осигурување АД Скопје. Полисата е со број 13053000026562/0 за осигурување од професионална одговорност за периодот од 30 јануари 2026 до 30 јануари 2027 година со минимална сума на покривање по штетен настан од 24.600.000 МКД.

Вкупниот број на стручен кадар заклучно со 31 декември 2025 година е 166 вработени, од кои 8 се овластени ревизори. Од вкупниот број на стручен кадар заклучно со 31 декември 2025 година, 4 вработени се на определено работно време, а останатите 162 вработени се на полно и неопределено работно време.

Вкупниот број на стручен кадар заклучно со 31 март 2026 година изнесува 164 вработени, од кои 8 се овластени ревизори. Од вкупниот број на стручен кадар заклучно со 31 март 2026 година, 2 вработени се на определено работно време, а останатите 162 вработени се на полно и неопределено работно време.

## Управувачка структура на ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО Скопје

Во согласност со Законот за трговски друштва и Договорот за основање на ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО Скопје, органи за управување на Друштвото се:

- Собир на содружници кој се состои од сите содружници наведени погоре, и
- Управителот на Друштвото кој се избира со одлука на Собирот на содружници

Со ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО Скопје управува еден управител назначен од содружниците:

- Драган Давитков

# Надоместок на партнерите

Партнерите се платени од профитот на фирмата и лично се одговорни за финансирање на пензии и други бенефиции, како што е здравствено осигурување. Процесот на евалуација и компензација на партнерите е целосно усогласен со барањата за независност од Кодексот на етика на IESBA за професионални сметководители, кој не дозволува партнерот да биде оценет или награден за продажба на неревизорски услуги на своите клиенти за ревизија. Надоместокот на партнерот се базира на придонесот на партнерот во фирмата во текот на годината и по завршувањето на годишните ревизии на локалните фирми. Распределбата се разгледува и одобрува од страна на Советот за партнери на ЦИЕ (CEE). Надоместокот на секој партнер се утврдува врз основа на нивото на одговорност, при што капиталните единици се распределуваат согласно матрица која главно ја зема предвид тековната улога на партнерот во фирмата. Дополнително, постои и променлив елемент (елемент на успешност), кој одразува колку е успешен партнерот, како и тимовите со кои тој работи, во текот на дадената година.

Ова се утврдува преку проценка на постигнувањата на партнерот во однос на индивидуално прилагодена и балансирана табела на цели, заснована на улогата на партнерот. Овие цели опфаќаат постигнување на стандардите за квалитет на ревизијата на друштвото и апсолутно придржување кон нашите политики и регулативи во областа на интегритетот и независноста.

### Информации за основата врз која се утврдува надоместокот на овластените ревизори

ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО Скопје ги утврдува надоместоците на овластените ревизори врз основа на постигнувањето на годишно утврдени индивидуални цели и во согласност со нивните должности и одговорности. Овие цели се однесуваат на постигнување резултати, исполнување на одредени обврски, спроведување на стандардите за контрола на квалитетот при ревизијата, ефикасност, професионални и технички вештини, искуство и менаџерски вештини, како и апсолутна усогласеност со регулативите во областа на интегритетот и независноста на ревизорите.



# Финансиски информации за годината што завршува на 31 декември 2025

| **Приходи во МКД** (неревидирани) | **2025** | **2024** |
|---|---|---|
| Приходи од ревизија на годишни и консолидирани сметки | 87.465.368 | 60.002.088 |
| Приходи од дополнителни услуги за уверување во квалитет | 5.652.423 | 6.453.911 |
| Приходи од даночни и советодавни услуги | 2.474.804 | 630.610 |
| Приходи од други неревизорски услуги | 271.745.982 | 270.869.029 |
| **Вкупни приходи** | **367.338.577** | **337.955.639** |

Друштвото ги нуди следниве услуги:

1. Законска и договорна ревизија на финансиските извештаи;
2. Други ангажмани за уверување;
3. Техничка помош при спроведување на внатрешни политики и проекти;
4. Советодавни услуги за соодветни сметководствени третмани;
5. Техничка помош при подготовка на финансиски информации;
6. Обуки во рамките на PwC Академијата; и
7. Приход од работа на нашите вработени во други правни субјекти на PwC.



1

# Прилог

## Список на ревидирани друштва

# Прилог 1

## Список на ревидирани друштва во текот на годината што завршува на 31 декември 2025 година

### Список на ентитети од јавен интерес, ревидирани во текот на годината што завршува на 31 декември 2025 година

- Алкалоид АД Скопје
- Макстил АД Скопје
- Шпаркасе Банка АД Скопје
- Стопанска Банка АД Скопје
- Уника АД Скопје
- Уника Лајф АД Скопје
- Титан УСЈЕ АД Скопје

### Список на законски ревизии, ревидирани во текот на годината што завршува на 31 декември 2025

- Адиент Аутомотиве ДООЕЛ Струмица
- Адиент Сеатинг ДООЕЛ Штип
- Друштво за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови САВА ПЕНЗИСКО ДРУШТВО А.Д Скопје
- Сава Осигурување А.Д. Скопје
- Алкалоид КОНС ДООЕЛ Скопје
- Бехтел Енка УК 2 Лимитед Обединето Кралство - Подружница во С.Македонија Скопје
- Дирецт Медиа ДООЕЛ Скопје
- Енерџи Фајненсинг Тим ДООЕЛ Скопје
- Орбико ДОО Скопје
- Џонсон Мети ДООЕЛ Скопје
- Џојсон Сејфти Системс Македонија ДООЕЛ Кичево
- Нелт СТ ДООЕЛ Скоје
- Нетцетера Експорт – Импорт ДООЕЛ Скопје
- Филип Морис Тутунски Комбинат Прилеп ДОО Скопје
- Пивара Скопје АД Скопје
- Авенга ДООЕЛ Скопје
- Шпаркасе Лизинг ДОО Скопје
- Рамсторе Македонија ДОО Скопје
- Мусала Софт ДООЕЛ Скопје
- Лутхман Бацклунд Фоодс Продуцтион ДОО Битола
- Стопанска Лизинг ДООЕЛ Скопје
- ВИК Македонија ДООЕЛ Прилеп
- Наја Лајф Сциенцес ДОЕЛ Скопје
- Макотен ДООЕЛ Гевгелија
- Мастербет ДООЕЛ Скопје

### Список на договорни ревизии, ревидирани во текот на годината што завршува на 31 декември 2025

- Киншифт Шведска АВ
- Онитио Македонија ДООЕЛ Скопје

2

# Прилог

## PwC мрежни фирми

# Прилог 2

Вкупниот промет постигнат од овластените ревизори и ревизорските друштва од земјите членки на Европската економска област (EEA) кои се членки на мрежата на PwC, што резултира од законската ревизија на годишните и консолидирани финансиски извештаи, изнесува **приближно 3,0 милијарди** евра. Ова претставува промет од последната финансиска година на секој ентитет конвертиран во евра по девизниот курс што важи заклучно со 31 декември 2025 година.

Во табелата подолу се наведени имињата на сите овластени ревизори кои работат како трговци поединци, како и ревизорски друштва, кои се членови на мрежата на PwC во земјите членки на Европската Унија (EU) или Европската економска област (EEA), заклучно со 31 декември 2025 година, како и земјите во кои секој овластен ревизор што работи како трговец поединец или ревизорско друштво е одобрен како овластен ревизор или има регистрирано седиште, централна администрација или главно место на деловно работење.

| Земја - членка | Име на фирмата |
|---|---|
| **Австрија** | PwC Wirtschaftsprüfung GmbH, Wien |
| **Австрија** | PwC Wirtschaftsprüfungs- und Steuerberatungsgesellschaft GmbH, Linz |
| **Австрија** | PwC Tax & Audit Services Wirtschaftsprüfung und Steuerberatung GmbH, Graz |
| **Австрија** | PwC Österreich GmbH, Wien |
| **Белгија** | PwC Bedrijfsrevisoren bv/Reviseurs d'enterprises srl |
| **Бугарија** | PricewaterhouseCoopers Audit OOD |
| **Хрватска** | PricewaterhouseCoopers d.o.o |
| **Хрватска** | PricewaterhouseCoopers Savjetovanje d.o.o |
| **Кипар** | PricewaterhouseCoopers Limited |
| **Република Чешка** | PricewaterhouseCoopers Audit s.r.o. |
| **Данска** | PricewaterhouseCoopers Statsautoriseret Revisionspartnerselskab |
| **Естонија** | AS PricewaterhouseCoopers |
| **Финска** | PricewaterhouseCoopers Oy |
| **Франција** | PricewaterhouseCoopers Audit |
| **Франција** | PricewaterhouseCoopers France |
| **Франција** | M. Antoine Priollaud |
| **Германија** | PricewaterhouseCoopers GmbH Wirtschaftsprüfungsgesellschaft |

# Прилог 2

| Земја - членка | Име на фирмата |
|---|---|
| **Германија** | Wibera Wirtschaftsberatung Aktiengesellschaft Wirtschaftsprüfungsgesellschaft |
| **Грција** | PricewaterhouseCoopers Auditing Company SA |
| **Унгарија** | PricewaterhouseCoopers Könyvvizsgáló Kft. |
| **Исланд** | PricewaterhouseCoopers ehf |
| **Ирска** | Pricewaterhouse Coopers |
| **Ирска** | PricewaterhouseCoopers (Northern Ireland) LLP |
| **Италија** | PricewaterhouseCoopers Spa |
| **Латвија** | PricewaterhouseCoopers SIA |
| **Лихтенштајн** | PricewaterhouseCoopers GmbH, Ruggell |
| **Литванија** | PricewaterhouseCoopers UAB |
| **Луксембург** | PricewaterhouseCoopers, Société coopérative |
| **Малта** | Pricewaterhouse Coopers |
| **Холандија** | PricewaterhouseCoopers Accountants N.V. |
| **Норвешка** | PricewaterhouseCoopers AS |
| **Норвешка** | PwC Assurance AS |
| **Норвешка** | PwC Assurance II AS |
| **Полска** | PricewaterhouseCoopers Polska sp. z. o.o. |
| **Полска** | PricewaterhouseCoopers Polska spółka z ograniczoną odpowiedzialnością Audyt sp. k. |
| **Португалија** | PricewaterhouseCoopers & Associados - Sociedade de Revisores Oficiais de Contas, Lda |
| **Романија** | PricewaterhouseCoopers Audit S.R.L. |
| **Словачка** | Pricewaterhouse Coopers Slovensko, s.r.o. |
| **Словенија** | Pricewaterhouse Coopers d.o.o. |
| **Шпанија** | PricewaterhouseCoopers Auditores, S.L. |
| **Шведска** | PricewaterhouseCoopers AB |
| **Шведска** | Öhrlings PricewaterhouseCoopers AB |

3

# Прилог

## Изјави од
## Овластен претставник

## Изјава од овластениот надлежен орган на друштвото за ревизија за ефективноста на функционирањето на систем за контрола на квалитет

Јас, долупотпишаниот Драган Давитков, Управител на ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО Скопје („Друштвото“), изјавувам дека усвоениот внатрешен систем на контрола на квалитетот на Друштвото ефикасно функционира. Воедно успешно се врши спроведување на пропишаните политики и процедури во работењето во врска со внатрешниот систем на контрола на квалитет на Друштвото.

Скопје, 31 март 2026 година

ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО Скопје

Драган Давитков
Управител

**Изјава за независното работење на друштвото за ревизија со која се потврдува дека постојат интерни процедури за проверка на усогласеноста на независноста и дека истите се спроведени**

Јас, долупотпишаниот Драган Давитков, Управител на ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО Скопје („Друштвото“), изјавувам дека Друштвото работи независно и воедно потврдувам дека во Друштвото постојат интерни процедури за ефикасна проверка на усогласеноста на независноста и дека истите успешно се спроведени.

Скопје, 31 март 2026 година

ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО Скопје

Драган Давитков
Управител

## Изјава за политиката што ја следи друштвото за ревизија за континуирано професионално усовршување на овластените ревизори во текот на претходната година

Јас, долупотпишаниот Драган Давитков, Управител на ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО Скопје („Друштвото“), изјавувам дека Друштвото ги следи сите обврски согласно Законот за ревизија за континуирано професионално усовршување на овластените ревизори во текот на претходната година.

Скопје, 31 март 2026 година

ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО Скопје

Драган Давитков
Управител

# Ви благодариме

pwc.com

© 2026 PwC. Сите права се задржани. Името „PwC“ вклучено во овој документ се однесува на македонската фирма која е дел од мрежата на PricewaterhouseCoopers International Limited, која се состои од фирми кои се посебни правни лица. Дознајте повеќе со тоа што ќе не посетите на www.pwc.com/structure .